This discontent is particularly strong in the direction of all other neighbouring countries and other national groups within FYROM itself. Things may look all well and good on the surface, but the calm is completely deceptive. This is obvious from the Internet. There it is 'other nations' who always take the rap; while the Slavomacedonians, the chosen people, are always the victims. FYROM is never going to be a Balkan Switzerland.

Varying positions and plurality of viewpoints

If you are looking for variant theories about the ethnogenesis of the Slavomacedonians, or variant ideological approaches, you have only to surf the Slavomacedonian pages to be bitterly disappointed. There could be no sharper contrast with the Greek, Bulgarian, Serbian, or Albanian sites on ethnogenesis and the historical progress of the nation. Here a plurality of viewpoints and approaches coexist or even conflict. But such is not the Slavomacedonian Internet. All sites plug the same view of the ethnogenesis of the ancient Macedonians, their essential difference form the ancient Greeks, the non-Slav identity of the nation, oppression by neighbouring peoples, and deliberate expulsion of Slavomacedonians from Greek Macedonia after the Second World War.

There are no maverick views. The only difference between one site and the next is in the quantity of text, its quality, and the relative priority it gives to a particular period in history. This sameness of views and beliefs is also found in the chat fora, whether these are for the eyes of Slavomacedonian sympathisers only, or are meeting-places with Greeks and those who accept the Greek position. The monotonous uniformity of the views is such as to recall the conditions for expressing one's views in the days of Communism, when every course and every priority, every person and the entire ideological framework, was centrally directed.

Concluding remarks

The Slavomacedonian Internet space devoted to national history and national culture is one where a bizarre new view is solidly hyped up. It is that today's Slavomacedonians are not of Slav descent, but are direct descendants of the ancient Macedonians, who were of course nothing to do with the ancient Greeks, quite the contrary. The entire way the course of history is handled rests on this schema: contrast with the Greeks, and 'proof' of difference, and of Greek plotting against Macedonian 'victims'. To bolster up these claims, use is made of the symbols that to this very day have symbolized that Macedonia has a Greek past; this is backed up by photographic material.

Greece is identified as the double-dyed villain of the piece. Down the centuries she has been in opposition to anything Macedonian; she has manifestly subverted it and attempted to Hellenize it. She has also been manifestly responsible for many of the miseries of her neighbour, and has even acted against the latter to a preconcerted plan.

It is no easy task to find a convincing explanation for this state of affairs. It would be unwise to treat all websites as centrally funded and controlled, by FYROM itself or by some body working hand in hand with it with the aim of telling the whole world about this bizarre new interpretation of the Macedonian past, and getting them to believe it as well. In the sophisticated age of globalization and free personal expression over the Internet, such an explanation is too simple. A more systematic approach will show that what is behind it is a combination of factors.

First and foremost, we ought to take account of changes in education after FYROM came into being, of the pushing of a new model for looking at the history of Macedonia, a model used as a means of unifying FYROM and the Slavomacedonians.[72] This new programme,

72. On education and school textbooks in FYROM, see Stavroula Mavrogeni in the present volume, and her article «Μακεδονική σάρισσα και δικέφαλος αετός: Τα νέα σχολικά εγχειρίδια της ΠΓΔΜ» [Macedonian lance and double-headed eagle: the new FYROM schoolbooks] (in Greek), in Evangelos Kofos, Vlasis Vlasidis & Yannis Stefanidis (eds.), *Μακεδονικές ταυτότητες: Η διαχρονική τους πορεία* [Macedonian identities: their course through the ages] Athens, Patakis, 2008; and Vlasis Vlasidis, 'We and the Others: Greece's image in FYROM's Press and

with its new textbooks, is the one that young people in this country and the schools of the Macedonian diaspora grow up with.

The second factor is the choice of confrontation with the Greeks, since this is the easiest field in which to make a show of Slavomacedonian nationalism. Attempted confrontation with the Albanians was a traumatic experience for the Slavomacedonians. They were unable to attack by force of arms, since the international community and the Great Powers, led by the USA, overtly sided with the Albanians. The Ohrid Agreement, which established the Albanians as a regime to be reckoned with, also essentially turned FYROM into an internationalist state. Any attempt to overthrow the status quo might well have worsened FYROM's relations with the USA, which is not at all desirable. Thus national pride is now seeking to heal its wounds by sparring with the Greeks, a strong but not in the least aggressive neighbour.

The third factor is the diaspora Slavomacedonians' long-running confrontation with Greek emigrants, and above all Greek emigrants form Macedonia. The fact that the Greeks are more numerous, wealthier, better connected to power centres, and children of a country with a glorious past and present, causes Slavomacedonians a feeling of inferiority. It is only reasonable that they should be seeking to improve their self-confidence by laying claim to the glorious past of ancient Macedonia, so that they can continue the confrontation from a coign of better vantage.[73]

Educational System (1995-2002)', in Evangelos Kofos & Vlasis Vlasidis (eds.), *Athens-Skopje. An Uneasy Symbiosis*, Athens, Eliamep, 2005, pp.288-316.

73. For a provisional approach to the Macedonian Question in Australia, see Anastasios Tamis, 'Macedonian organisations, Macedonian issue and the Greek foreign policy in the Diaspora: A route of consensus or of conflict', in Evangelos Kofos, Vlasis Vlasidis & Yannis Stefanidis (eds.), *Μακεδονικές ταυτότητες: Η διαχρονική τους πορεία* [Macedonian identities: their course through the ages] Athens, Patakis, 2008.

OFFICIAL DOCUMENTS

‘Irredenta Aegean Macedonia’

ги спаси овие продадени души од немилосрдниот народен суд. Никаква сила нема да ја запре твојата осветничка тупаница да ги разбие главите на овие гнасни изроди и подли поробувачи. Никаква сила нема да ја намали твојата величанствена борба за слобода. Борбата за твојте праведни идеали се најдува пред победоносен крај, пред полна национална слобода.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ,

Од тешките борби и пролеаената крв на најдобрите македонски синови излегува денес првото Народно собрание, тој симбол на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет, и ја прокламира пред цел свет полната национална слобода на македонскиот народ во ПРВАТА СЛОБОДНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА. Вековниот идеал на македонскиот народ се постигнува. За прв пат после Самоила македонскиот народ створи своја собствена држава; за прв пат македонскиот народ ќе се осети во Македонија како во своја куќа; за прв пат тој стана не дребна пара во сметките на грабежливите сили, ами слободен народ во слободна држава. Това е најголемата придобивка во историјата на нашиот народ, спечалена во гигантскиот антифашиски фронт со крвта на најдобрите синови на Македонија и со помошта на другите народи на Југославија, осигурена во нова, федеративна заедница на народите во Југославија.

Тргајќи од животните интереси на македонскиот народ, од неговите заеднички борби со другите народи во Југославија против големо-српската хегемонија и од скапите жертви дадени против заедничкиот фашиски окупатор, првото македонско Народно собрание изјавува во твое име оти МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВЛЕГУВА КАКО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДЕН И РАВНОПРАВЕН ЧЛЕН ВО НОВА, ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА, на принципите установени на II заседание на Антифашиското вече на народното ослободуење на Југославија (АВНОЈ), на кое му се признаја правата на национална слобода. Со това македонскиот народ станува градител на нова Југославија, која е дело и израз на нераздружжното единство и братство на сите нејзини народи, и најголемата гаранција како за слободата на секој отделен народ, така и за слободата на сите народи во Југославија заједно. Како дел на нова, демократска и федеративна Југославија, македонскиот народ станува сојузник на големите сили победителки.

Тргвајќи од вековните идеали на македонскиот народ, првото македонско Народно собрание го прокламира пред цел свет своето праведно и неостапно сакање ЗА ОБЕДИНЕНИЕ НА ЦЕЛИОТ МАКЕДОНСКИ НАРОД на принципите на правото на само-определување. Со това ќе се тури крај на робството на

12 АСНОМ I

177

македонскиот народ во сите негови делови и ќе се создадат условија за искрена солидарност и мир между балканските народи.

Виддејќи свесно оти фашизмот е најголемиот враг на малите народи и на славјанството, првото македонско Народно собрание тржествено изјавува оти македонскиот народ нема да го остави оражјето дури фашизмот со сите негови помагачи не биде исцело разгромен.

Борејќи се за слободата на македонскиот народ, првото македонско Народно собрание ги ПРОКЛАМИРА ПРАВАТА НА ПОЛНА СЛОБОДА И РАВНОПРАВНОСТ НА СИТЕ НАРОДНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА.

МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ, БРАЌА И СЕСТРИ!

Првото македонско Народно собрание ги прокламира овија свети принципи во момент кога братската победоносна Црвена армија стапнува на германска земја и нездржимо оди кон Берлин, кога нашите англо-американски сојузници на Запад го пробија атлантскиот ѕид на Хитлеровата европејска западна, кога сојузничките армии од југ наступват кон Алпите, кога приказанта со смелост Титова армија се готви да тргни на Белград, Загреб, Љубљана, Сарајево и Скопје.

Првото македонско Народно собрание ги прокламира овие големи принципи во согласие со основните решениа на Московската и Техеранската конференција, кои ги гарантират правата на слободен живот на секој народ, ангажиран во борбата против фашискиот окупатор.

Во овија дни се решава садбата на нашиот народ за вековни. Историјата не постанила пред судбоносна проба. Од вас зависи дали Македонија ќе биде зандана за робови или слободна татковина на слободни луѓе. Жертвите на нашите браќа и првоборци ве викат на последен јуриш. Сетнината ваша и сетнината на нашата родина ве викат на последен, одлучен бој. Наредете се сите во народно-ослободителниот фронт и докажете оти сте достојни синови на еден јуначен народ. Дигнете се сите против крвавиот окупатор и докажете оти сте способни да си ја спечелите слободата и изградите сами сетнината.

МАКЕДОНЦИ ПОД БУГАРИЈА И ГРЦИЈА,

Обединението на целиот македонски народ зависи од вашето участие во гигантскиот антифашистички фронт. Само со борба против подлиот фашиски окупатор ќе го спечелите правото на самоопределуење и обединение на целиот македонски

народ под покровот на Титова Југославија, која стана слободна заедница на слободни и рамноправни народи. Нека борбата на македонскиот пиемонт ве одушеви за посмела борба против фашискиот поробувач! Нека патот на овој дел на Македонија стане и ваш пат, оти само тој води кон слободата и обединението на целиот македонски народ! Нека вашето участие во сеопштата антифашиска борба им даде живот на принципите прокламирани на првото македонско Народно собрание и нека ги збрише искуствените граници који разделија брат од брат, Македонец од Македонец.

БРАЌА АРНАУТИ, ТУРЦИ И ВЛАСИ,

Поробувачите на Македонија од вевлен сакале да нè раздепат и скарат за полесно да ја владат нашата татковина и да ги грабат нашите народи. Тешкото минато ни покажа оти интересите на нашите народи са исти, а минатата садба заедничка. Во овие решителни моменти сите ние изградуваме своја слободна Македонија. Каква Македонија ќе изградиме, таква ќе ја имаме.

Вашите синови участвуват во македонската војска и земат веќе команди места. Вашите првоборци участвуват како прагеници — народни претставители во Народното собрание. Првото македонско народно собрание е прокламира слободата и рамноправноста на сите народности во Македонија. Мобилизирајте ги сите сили поскоро за ги остваримe неговите свети принципи. Участвувајте рамноправно во борбата против окупаторот за да можете рамноправно да участвувате во изградувањето на слободна Македонија — слободна татковина на сите народности.

ИЛИНДЕНЦИ,

Крвавиот фашиски окупатор спекулира со вашите жертви и со вашата крв. Тој срамно ги изопачува целите на вашата несебична борба во минатото. Тој се опитва да го срола вашиот авторитет, употребувајќи ве како перде за страшниот грабеж и терор спроведуван над нашата земја. Тој подмолно се опитва во најрешителните моменти да го раздели вашиот народ на стари и млади.

Се исполнуват целите за кои вие сте се бориле. Македонија врви кон својата слобода, кон непостигнатиот идеал за кој хиладници ваши другари ги дадоа својте животи во Илинденската епопеа. Вашиот првоборец и другар Димитар Влахов е еден од нашите водачи. Вашето место е покрај нашите синови

си ставија во задача час поскоро да приберат делегати от сите народно-ослободителни одбори во Македонија, да приготват сè за остваруење вековниот идеал на македонскиот народ и македонската држава. Од [извештајот][*], на Иницијативниот одбор видовте како беја извршени овија задачи.

Другари, народни представители,

На овој историски ден, на Илинден 1944 година, судбоносен за развитието на македонскиот народ, се составуе првото во историјата на нашиот народ Народно собрание — АСНОМ, како символ на национална слобода и прокламатор на правата во историјата после Самуила *македонска држава* кое претставува кулминациона точка и е преломен момент во историјата на нашиот народ, од кој ќе почне една нова епоха, епоха на творческа работа, национален живот, епоха на напредок. Во овој свет историски момент требе да кажеме оти македонскиот народ през векови тежки борби и надчовечни напреженија вевлен имал пред очите слободата на целиот македонски народ во рамки на слободна македонска држава. Во овој момент, кога целиот борчески пиемонт во Македонија е ангажиран во борбата против фашискиот окупатор, тој ги кани и останалите два дела на македонскиот народ да влезат во големиот антифашиски фронт, дека това е единиот пат за спечелување на правото на самоопределение и дека това е единствениот начин за обединение на целиот македонски народ во слободната заедница на слободните народи на Југославија. Борческиот пиемонт на Македонија тржествено прокламира оти нема да откаже никаква помош и нема да жали никакви жертви за ослободуење и на другите два дела на нашиот народ и за општото обединение на целиот македонски народ. Ако се знае оти борческиот пиемонт на Македонија е дел на Титова Југославија, тогај ќе стане јасно колку голема може да биде нашата помош и колку тврдо е нашето желание за обединението на целиот наш народ.

Најважен факт со кој првото македонско Народно собрание требе да излезе, требе да биде историската прокламација за полна национална слобода на Македонија, со други зборови, това ќе стане радостен весник на вековниот идеал за слобода. Ако не се заборави оти цели поколенија искрвареа во борбата за тој велики идеал, јасно е оти неговото исполнуење прокламирано од првото македонско АСНОМ ќе претставуе епохално решение во политичкиот живот на нашиот народ.

АСНОМ станува и останува *единствен носител на народниот суверенитет на првата македонска држава*. Правото на македонскиот народ оди до самоопределуење, отцепуење и присоединуење со други народи. Злобиени со вака неограничени права,

[*] Нејасно во оригиналот.

▲ 2 August 1944: Charter manifesto of ASNOM, the Anti-Fascist People's Liberation Council of Makedonija. The primary aim reveals itself as the unifying of Macedonia, based on the right to self-determination. 'It is essential that we unite all the Macedonian people, from all three parts of Macedonia, into a single Macedonian national state…Macedonians from Greek and Bulgarian Macedonia must follow the example set by the Macedonians in Jugoslav Macedonia'.

ЦЕНА 2 ДИН. ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

[МА]КЕДОНИЈА

Година III — Број 536
НЕДЕЛА
22
СЕПТЕМВРИ
СКОПЈЕ, 1946

ФРОНТ НА МАКЕДОНИЈА Телеф. Администрација 470, Редакција 536 137

ПРЕДИЗБОРНИ ЗБОРОВИ И КОНФЕРЕНЦИИ НА НАРОДНИОТ ФРОНТ

ИЗЈАВУЕМЕ ВИСОКО ДЕКА ГРЦИЈА НЕМА НИКАКВО ПРАВО НА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

Рече во својот говор на предизборниот митинг во Битола Димитар Влахов, потпретседател на Президиумот на Народната скупштина на Ф. Н. Р. Ј.

Димитар Влахов

Ἡ «NOBA MAKENTONIA» τῆς 22 Σεπτεμβρίου 1946 ποὺ ἔχει μαζὺ μὲ τὴν φωτογραφίαν καὶ τὸν λόγον τοῦ Βλαχὼφ καὶ τὴν ἐπικεφαλίδα μὲ κεφαλαῖα γράμματα «Κραυγάζομεν μεγαλοφώνως ὅτι ἡ Ἑλλὰς δὲν ἔχει κανένα δικαίωμα ἐπὶ τῆς Μακεδονίας τοῦ Αἰγαίου».

▲ Dimitar Vlahov's article in *Nova Makedonija*, 22 September 1946: the headline reads, 'Greece has no right of any kind to Aegean Macedonia'.

◄ Map published in *Borba*, the Jugoslav Communist Party's official news paper, on 26 August 1946. The map shows the 'Geographical and Ethnic Boundaries of Macedonia'.

Питу Гули — легендарниот херој од битката кај Мечкин Камен
Pitu Guli — the legendary hero from the battle at Mechkin Kamen

токот на дваесетиот век за слобода и самостоен живот на македонскиот народ. Неговата масовност

Потпишале: Питу Гули, Иван Алабак, Андреја Димков, Ѓурчин Наумов и Ташко Карев".

На 2 август во дваесет часот на полноќ Крушево беше нападнато од востаниците и по жестоки борби на другиот ден ослободено. Во градот веднаш била воспоставена револуционерна власт, позната во историјата под името Крушевска Република, најнапредна демократска институција по своите начела на Балканот тогаш. Крушевската Република беше врвното достигнување на Илинденската револуција на македонскиот народ.

Револуционерна власт беше воспоставена и во градчето Клисура, во Костурско, ослободено од костурските чети. Подоцна е ослободено и градчето Невеска, во Леринско од здружените костурски и лерински чети. Борби се водени во Преспа, во Леринско кај Екши-Су и Баница, во Кичево и други реони на Битолскиот револуционерен округ. Европските конзули пишуваат за масовно востание во Македонија. Наклонетиот кон македонското национално-ослободително движење европски печат го опишува султанот како крвожеден кој Македонците ги држи под нож, ги ограбува до кожа, им ги обесчестува жените. Во одбрана на македонската кауза застанаа познати имиња како: Лав Толстој, Максим Горки, Анатол Франс, Жан Жорес, Виктор Берар, Хенри Брайлсфорд и други.

Востанието на македонскиот народ од 2 август 1903 година беше сепак, удавено во крв. Крушевската Република згасна во урнатините на историскиот град, кој беше до темел изгорен. Меѓутоа, таа како феникс се роди од сопствената пепел на 2 август 1944 година во манастирот Прохор Пчински во лицето на АСНОМ. По четиригодишна крвава борба на македонскиот народ во заедничка борба со братските југословенски народи македонскиот народ стана рамноправен со другите народи на Југославија и се роди денешна Социјалистичка Република Македонија, кон која со гордост, љубов и надеж гледаат и Македонците под Грција и тие во НР Бугарија, како и Македонците расрпснати по цел свет.

▲ The last paragraph of an article about Pitu Guli. 'After four years of bloody combat in the common struggle beside our brethren the Jugoslav peoples, the Macedonian people is now on equal terms with the other peoples of Jugoslavia. Today's Socialist Republic of Makedonija has been born. It is looked to with pride, affection, and hope by Macedonians in Greece and in the Socialist Republic of Bulgaria, as by Macedonians scattered the world over'. The magazine *Македонја*, August 1973.

Претседателот на Собранието на СРМ Македонија Благоја Талески со Иселеничката делегација што по повод 25-годишниот јубилеј на Матицата престојуваше во Скопје

The President of the Assembly of SR Macedonia Blagoja Taleski with the delegation of emigrants that on the ocassion of the 25 anniversary stayed in Skopje

СРЕЌНА НОВА ГОДИНА!

ДРАГИ СОНАРОДНИЦИ, ДРАГИ БРАЌА И СЕСТРИ, МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ

Пречекувајќи ја Новата 1977 година направивме обид да ги анализираме резултатите од нашата досегашна работа.

Со задоволство констатиравме дека во изминатиот период сме постигнале крупни резултати. Во годината што е зад нас прославуваме 25 години од постоењето и работата на Матицата на иселениците од Македонија. Јубилејот беше повод за да ја анализираме работата на нашата Матица од една историска ретроспектива. Притоа констатиравме дека македонското иселеништво им даде безрезервна поддршка на своите синови, браќа и сестри и на сите оние што во текот на Втората светска војна се бореа за слобода и за слободен национален живот на македонскиот народ. Таа поттрепа значеше и претставуваше логична органска поврзаност на нашите иселеници со својата родна грутка и со нејзината судбина.

Создавањето на СР Македонија и националната слобода за која се избори македонскиот народ по цена на најскапи жртви претставуваат настан од фундаментално значење за иселеништвото. Со создавањето на Републиката во рамките на СФРЈ започнаа процесите за создавање автентични македонски организации, и процесите за национална еманципација на Македонците.

Републиката израсна во силна гаранција, стожер и надеж за реализација на настојувањата за поубава и посреќна иднина на македонскиот народ. Со право сите погледи се упатени кон Републиката, кон овој наш слободен дел, со Републиката се вршат сите споредувања, од неа се тргнува, кон неа се насочени сите

◄ Speech by Živko Vasilevski, president of the Centre for Macedonians Abroad [para.2, col.3]: 'The Republic has been manned [and is] a strong guarantee, gateway, and source of hope that efforts to ensure a better, happier future for the Macedonian people will bear fruit. All eyes are on our Republic, on this our free segment, and justly so. Now that we have our Republic, all comparisons can be made; from it begin, and towards it turn, all [*new page*] the wishes associated with the future of the Macedonians'.

Претседателот на Матицата на иселениците Живко Василевски со Ристо Алтин и Ѓорѓи Дрозоски

The President of the Matitsa for Macedonian emigrants Živko Vasilevski with Risto Altin and Gjorgi Drozoski

желби сврзани со иднината на Македонците.

И ако денес во Австралија, во Канада и во Америка активно работат повеќе од 20 македонски православни црковни општини, 30 училишта на македонски јазик со околу 6.000 деца ученици и учнички, голем број радио и телевизиски часови на македонски јазик, библиотеки, читалишта со книги од македонски автори и на македонски литературен јазик, ако денес културно-уметничките друштва во Сиднеј, Аделаид, Торонто, Гери, Малбурн и на други места ја прикажуваат нашата богата македонска национална култура и ако денес со задоволство зборуваме за нашите достоинства што сме ги презентирале во срединате во кои живееме, — недвојбено ќе констатираме дека е тоа резултат на Републиката на тој слободен дел од нашата татковина и на сите чесни и доблесни Македонци во светот.

Билансот од 25-годишното постоење и работа на Матицата на иселениците од Македонија е мошне позитивен и заслужува секакво признание. Јас потсетив само на еден дел од позитивниот биланс, без претензија за аналитички приказ на целокупната активност на Матицата и на македонските иселенички организации. Треба да се каже дека овие резултати се постигнати со самопрегорот и несебичните залагања на сите наши сонародници Македонки и Македонци кои живеат далеку од родната грутка.

Браќа и сестри, Македонки и Македонци, бидете наполно уверени дека секој наш успех, секој резултат, секоја наша радост од сесрце ги радува и нашите пријатели, пријателите на македонскиот народ во Австралија, Канада и Америка, а истовремено ги обеспокојува нашите непријатели, непријателите на македонската Република и на македонскиот народ. Секој наш успех, секоја наша афирмација на културен, стопански и национален план, секоја наша радост да се докажеме и покажеме пред другите народи во светот како национална посебност, ним ги вознемирува и ги мобилизира за борба против нас.

Меѓутоа, се лажат сите оние што мислат или пак се обидуваат да го вратат тркалото на историјата назад. Процесот за потполна афирмација на македонската национална посебност започнат пред и во време на Илинден, реализиран и афирмиран за време на Втората светска војна и по цена на скапоцени жртви, никој повеќе и со ништо не може да го сопре. Од нас, од нашето единство, од нашата ангажираност за комплетна афирмација на нашата историја и култура, од нашето трудољубие и углед во Австралија, Канада и Америка и на сите други места во светот ќе зависи побрзата или поспората реализација на нашите напори за поубава и посреќна иднина на македонскиот народ.

За среќа и за радост на сите Македонци и Македонки, за плодотворна и успешна работа на сите нас, за доброто на нашата мила татковина Македонија, за нејзината поубава и посреќна иднина, да ги дигнеме чашите и да си наздравиме со нови надежи во новата 1977 година.

Нека ни е среќна Новата 1977 година.

Живко Василевски
претседател на Матицата на иселениците од Македонија

МЕМОРАНДУМ ДО ООН

Минатиот месец Управниот одбор на културно-просветната организација Јунајтет Масидонијанс (Обединети Македонци) од Торонто испрати меморандум до Генералното собрание на ООН, во кое се заложува светската организација да ѝ обрне внимание на грчката влада која не покажува добра волја за давање малцински права на Македонците во овој дел на Македонија.

Сличен документ е испратен и до владата на НР Бугарија, во кој се протестира заради одбивањето на бугарската влада да им ги врати националните права на пиринските Македонци, што ги уживаше ова население во времето кога Георги Димитров се наоѓаше на чело на државното раководство на НР Бугарија.

2

► [*continued*] 'If cultural and artistic bodies today – in Sydney, Adelaide, Toronto, Melbourne, and elsewhere – display our rich Macedonian national culture, if we can speak today with satisfaction of our successes in the regions where we live, then we shall certainly conclude that this is the result [of the actions] of the Republic in this free segment of our homeland, and of all proud and honoured Macedonians the world over'. The magazine *Македонија*, January 1977.

Иселеничката делегација за време прославата на јубилејот на Матицата на прием кај претседателот на Собранието на СР Македонија Благоја Талески

The Delegation of Emigrants during celebration of the jubilee of the Matitsa, at the reception with the President of the Assembly of SR Macedonia Blagoya Taleski

ВО ЕДИНСТВОТО Е НАШАТА СИЛА

Колку мило му станува на човека кога во еден миг ќе застане и ќе фрли поглед назад и ќе си го постави прашањето: што бевме и што имавме, а што сме денес и што имаме ние како Македонци.

До пред само триесетина години Македонците беа оспорувана нација, на која насила ѝ се натурувавa називите: „северни Грци", „јужни Срби", или „Македонски Бугари". Немавме никакви права како луѓе, како граѓани, а знаевме само за должности; презирот од немилосрдниот апарат на државите под кои се најде по 1913 година македонскиот народ, го вкусувавме уште од првиот ден кога ќе се родевме. А денес? Денес имаме македонска држава, ја имаме нашата гордост — Социјалистичка Република Македонија, во еден дел на Македонија. Кон неа со љубов гледаат сите Македонци и оние во егејскиот дел на Македонија и оние во Бугарија и Пиринска Македонија и оние што се наоѓаат ширум целиот свет.

Магична е силата на слободниот дел од татковината. До неодамна анонимните и заборавени Македонци, почнаа да се јавуваат со писма до Матицата на иселениците и до други институции во СРМ, жедни за информации, да научат на каков јазик учат децата во училиштата, дали има македонска влада, македонски универзитет, Македонска академија на науките и уметностите, македонска црква . . . Новата македонска стварност не можеше да се затвори, да се изолира со кинески ѕид. Таа заразно дејствуваше и покрај ригурозните мерки на казни и забрани и во Егејска и во Пиринска Македонија против Македонците и тие го поставуваат прашањето за своите национални права во рамките на државата во која живеат. Македонците во прекуокеанските земји, кои порано од немајкаде се приклучуваа кон грчки, бугарски или српски организации и здруженија, се црчуваа во бугарски, грчки или српски цркви, почнаа да се организираат во свои национални организации, клубови, а по создавањето на Македонската православна црква, особено по прогласувањето на нејзината автокефалност, со брзина на пожар почнаа да градат свои македонски цркви.

Бројките се многу импозантни: преку дваесет цркви во Австралија, САД и Канада во кои се

1

▲ Last paragraph, col.1: 'There is magic power in the free Part of our homeland'. The magazine *Македонја*, April 1977

Иселенички информатор

Бидејќи повеќе наши сонародници во странство од време на време се јавуваат со барање за признавање нивно учество во НОВ, ЕЛАС, или ДАГ, за нивно точно информирање тука објавуваме писмо-упатство на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кое ќе ги интересира нашите сонародници во странство.

Согласно постојните законски прописи учеството во НОВ, ЕЛАС и ДАГ се утврдува по барање на осигуреникот и тоа врз основа на оригинални докази или заверени изјави на сведоци како доказно средство во постапката, со донесување на писмено решение.

Бидејќи се работи за лица кои се наоѓаат во странство по нивните барања за утврдување во посебен стаж на времето поминато во НОВ, ЕЛАС, и ДАГ одлучува со решение Стручната служба на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, по претходното прибавено мислење од Сојузот на здруженијата на борците од СРМ — Републички одбор Скопје.

За утврдување учеството во НОВ, ЕЛАС и ДАГ на лицата — државјани на СФРЈ кои се наоѓаат во странство, покрај барањето (молбата) адресирана до Самоуправната интересна заедница за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија потребни се и следните документи:

— Доказ за државјанство на СФРЈ,

— Извод од матичната книга на родените,

— Оригинал докази за учеството во НОВ, ЕЛАС, и ДАГ или заверени изјави на сведоци и

— лична биографија на подносителот на барањето.

◄ Announcement in the magazine *Македонја*, April 1977:

'Since a large number of our compatriots abroad have asked for recognition of their participation in NOV [the National War of Liberation], ELAS, or the DSE, we are publishing here, for their clearer information, the circular from the Pensions and War Victims Insurance Service of Makedonija, as it is of interest to our compatriots abroad.

As per legal requirements, NOV [the National War of Liberation], ELAS, or the DSE will, subject to the insured person's making an application, supported by genuine evidence or by attested statements by witnesses, as an item of proof during proceedings, be confirmed by a ruling in writing.

Since the persons in question are living abroad, as regards their application for the determination of the specific length of time they spent in NOV [the National War of Liberation], ELAS, or the DSE, the ruling will be made by the Scientific Committee of the Pensions and War Victims Insurance Service of Makedonija with the prior subjoined opinion of the Skopje Committee of the Union of Societies of SDM Combatants.

In order to determine participation in NOV [the National War of Liberation], ELAS, or the DSE, in respect of citizen persons of the SFR of Jugoslavia now living abroad, the following documents are required compulsorily, in addition to the application to the Pensions and War Victims Insurance Service of Makedonija:

- Certificate of citizenship
- Birth certificate
- Genuine written proof of participation in NOV [the National War of Liberation], ELAS, or the DSE
- Applicant's CV.

На 25 март 1905 година

КОЛЕЖОТ ВО ЗАГОРИЧАНИ

Дваесет и петти март треба да го паметат сите загоричанци, денеска раселени низ целиот свет. Дваесет и петти март треба да го паметат сите Македонци. Дваесет и петти март е крвав ден за Загоричани, убавото и големо костурско село од Западна егејска Македонија. На тој ден Македонија уште еднаш беше окрвавена. На тој ден пред 77 години, беа убиени седумдесет и осум жители на Загоричани.

Загоричани не беше жртва на разбеснетата турска солдатеска, ни на разулавениот турски башибузук. Загоричани беше жртва на великодржавната политика на Грција, опичена во „мегали идеја" („големата идеја"), која имаше за цели истребување на Македонците и заграбување на Македонија.

Атинската влада имаше создадено еден „Македонски комитет", кој беше непосреден извршител на нејзината великодржавна политика спрема Македонија. Тој „комитет" во почетокот на 1905 година издаде една наредба за засилен терор во Битолскиот вилает и во Македонија врз Македонците. Интелектуалниот инспиратор и извршител на колежот во Загоричани беше костурскиот грчки митрополит, Германос Каравангелис, тој крвав поп кој раководеше, скриен под својата црна мантија, со сите конци на андартството во овој дел на Македонија, со бројните поединечни и масовни убиства, палежи, со теророт. Каравангелис поведе кампања и повика на уништување на „шизматиците", т.е. Македонците кои служеа во словенска црква, а не во неговата грчка патријаршиска црква. Воениот извршител на колежот, кој директно раководеше со бројните андартски чети на капетанот Дукас, на Георгиос Диконимос-Макрис и др., беше началникот на андартството во Битолскиот вилает, Цонтос-Вардас. Нему, пред нападот на Загоричани, костурскиот митрополит Каравангелис му дал список на имиња на загоричанци, кои ја признавале јурисдикцијата на патријаршиската грчка црква „за да не ги гиба", како што запишал Каравангелис во својата книга „За Македонската борба". Не е забележано да ли во колежот настрадале патријаршисти загоричанци, за кои се зазел Каравангелис, но настрада Загоричани, настрадаа Македонците. Со овој колеж започнува геноцидот спрема Македонците, раководен од грчката престолнина, од официјалната влада во Атина, од оние кои се повикуваа на античката култура.

Андартските војводи и четници на чело со Цонтас-Вардас на 25 март 1905 година се собраа во шумата над селото. Турскиот аскер од никаде не се огласи да го заштити мирното население. Пред нападот началникот Цонтас — Вардас прочитал наредба во која се повикува на истребување на Македонците и во која, меѓу другото се нагласува: „Херои осветници, вие сте повикани да го извршите уништувањето на Загоричани и неговото население. Сметам на вашето јунаштво и верувам дека осветата ќе биде страшна. Вие треба да извршите осветa како полубогови, титани..." Нарекувајќи ги Македонците „полулуѓе", Вардас ги споредува со животни: „тие се слични на животни". Пред да ги именува убијците со правото име, наредбата продолжува: „Вие сте потомци на боговите и полубоговите... За да биде казната тотална потребно е да станете убијци. Ќе станете не само убијци, туку ѕверови. При тоа убивајте без обзир на никого и ништо!" — што пак, упатува на заклучок дека Вардас не се држел по препораката на Каравангелис да не ги убива луѓето од списокот на патријаршисти, зашто за убијците сите Македонци, без оглед дали биле патријаршисти или егзархисти, биле едно — „полулуѓе", тоа биле Македонците за „боговите и полубоговите", всушност, за „ѕверовите". (Наредбата е цитирана според зборник Илинден" 1903-1924, во кој е објавена според пишувањето на еден атински весник).

Убијците, како што е вистинското име на „полубоговите и титаните", доследно ја извршија наредбата. Тие колеа и убиваа низ Загорчани, непречени од турските власти, на кои, исто така им одеше во интерес истребувањето на Македонците. Каравангелис, ладнокрвен убиец, како методичен запишувач, запишал: „... андартите останаа слободни, и убивајќи шетаа по селото цел ден". Седумдесет и осум Македонци, мажи, жени, старци, деца останаа мртви по колежот. Седум души биле ранети. Селото било запалено и ограбено.

Дваесет и петти март 1905 година е денот на почетокот на геноцидот во егејскиот дел на Македонија. Грчката националистична власт продолжи со геноцидот и во следните децении на дваесеттиот век, откако по стекот на историските околности, по Балканските војни ја заграби Егејска Македонија. Европа се одгласи по геноцидниот колеж во Загоричани. Се одгласи и по подоцнежните колежи во Егејска Македонија. Но никогаш доволно силно, никогаш доволно гласно, никогаш доволно хумано за да престане геноцидот во Егејска Македонија, за да си го исперe својот срам Европа.

Коле Мангов

7

◄ Article by Kole Magov about the 'Slaughter at Kagoritsani' (last paragraph only): '25 March 1905 was the day on which genocide in the Aegean Part of Macedonia began. The Greek nationalist regime continued with genocide in the following decades of the twentieth century, having seized Aegean Macedonia after the Balkan Wars by a quirk of history. Europe's reaction to the genocidal slaughter at Zagoritsani resembled its reaction to further slaughter in Aegean Macedonia: it exitsed to some extent, but never strongly enough, never sufficiently resonantly, never sufficiently humanely to halt genocide in Aegean Macedonia, for Europe to wash away its guilt'. The magazine *Македонја*, April 1982 issue.

◄ Cover picture of waterfalls at Edessa. The magazine *Македонја*, June 1982.

► Cover picture of the city of Kastoria. The magazine *Македонја*, October 1982.

РЕТКО ДОЖИВУВАЊЕ

Другар уредник,

Молам да ми отстапите мал простор за да ги изнесам моите импресии од успешната втора леринска средба, за што однапред благодарам.

Средбата започна со културно-уметничка програма. Најпрвин беше прочитан реферат за историското, револуционерното и културното минато на Лерин и неговата околина, а потоа настапи малата и големата фолклорна група кои се формирани и се подготвуваа за својот прв настап на средбата. Настапот на младите фолклористи остави силен впечаток кај присутните. Особено топло беа поздравени исполнувањата на песната „Јас сум момче Македонче", како и на песната „Македонија", која за првпат беше испеана токму на втората леринска средба. Песната „Македонија" ја напиша буфчанецот Ѓорѓи Волчевски и таа се пееше како народна песна.

По изведувањето на културно-уметничката програма средбата продолжи со општа веселба и со богата лотарија. Во чест на средбата Иницијативниот одбор подготви и пригодна значка која им беше поделена на присутните. Малата и големата фолклорна група, кои за првпат настапија на средбата, наскоро треба да прераснат во културно-уметничко друштво кое ќе го негува македонскиот фолклор, особено од Леринско и другите јужни краишта.

Доне Пановски

МАЌЕДОНИЈА

Од Вардара па до Солуна,
Од Охрида па до Пирина;
брзи реки – бистри езера,
ширни полја и планини –
татковино моја мила
Маќедонијо!

Разделена на три дела
твојата душа единствена.
За нас Ти си неразделна!
Гоцева си завештина
татковино моја мила –
Маќедонијо!

ИЛИНДЕН е нашето сонце,
ОКТОМВРИ е нашата вера.
Крушевска си Република!
Титова си творевина
татковино моја мила –
Маќедонијо!

Волчевски Ѓорѓи
(с. БУФ)

▲ Special Number, '1st Meeting of Macedonians from Florina'. Printed beside an Open Letter by Done Pavlovski is a poem entitles 'Makedonija', by Georgi Bolčevski from the village of Buf [i.e. Akritas]. It reads:
From the Vardar [r. Axios] to Solun [Thessaloniki]*,/from Ohrid to Pirin:/*
swift rivers, limpid lakes,/broad meads, and hills:/Such is my sweet/Makedonija!//
Divided in three/her soul is yet one./For us she is undivided!/Goče [Delčev]'s heiress:/ Such is my sweet/Makedonija!//
ILINDEN's our sun/OCTOBER's our creed/the Republic of Kruševo!/Tito's handiwork:/ Such is my sweet/Makedonija!//
The magazine *Македонја,* November 1982.



◄ Cover of Todor Šimkovski's *Atlas of the Inhabited Places of the [sic] Aegean Macedonia*, published by the FYROM Institute of National History.



▲ *Macedonia and its Relations with Greece,* published by the FYROM Academy of Sciences.

▲ Cover of Risto Andonovski's *The Truth about Aegean Macedonia.*


Министерство за Надворешни Работи на Република Македонија

Соопштение до средствата за информирање
ВО ТИРАНА ОДРЖАНИ КОНСУЛТАЦИИ МЕЃУ МИНИСТЕРСТВАТА ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА
Скопје, 22.12.2006 година

Соопштение до средствата за информирање
СРЕДБА НА МИНИСТЕРОТ МИЛОШОСКИ СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА
Скопје, 21.12.2006 година


Министерство за Надвор... на Републик...

СРЕДБА НА МИНИСТЕРОТ МИЛОШОСКИ СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА
Скопје, 21.12.2006 година

Министерот за надворешни работи, м-р Антонио Милошоски, денес на нивно барање, прими претставници од Сојузот на здруженија на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Тие информираа за нивните досегашни активности и идни планови, при што побараа конкретна помош и поддршка од Министерството за надворешни работи.

Министерот Милошоски нагласи дека Владата на Република Македонија со должно и целосно внимание ќе ги разгледа проблемите на Сојузот. Притоа, согласно меѓународните стандарди за заштита на човековите права и фундаментални слободи, како и во согласност со Уставните оберски ќе се заложи за изнаоѓање соодветно решение за исполнување на нивните барања.

▲ ► 21/12/2006: Meeting between Foreign Minister Antonio Milošoski and the 'Union of Macedonians from the Aegean Part of Macedonia'. Source: FYROM Foreign Ministry website.

▲ Map of *Macedonia Partitioned*, with 'Solun' [i.e. Thessaloniki] at its centre.

◄ Map of *The Geographical and National Boundaries of Greater Macedonia*, published by the state newspaper *Nova Makedonija* in 1992.

◄ A '*Greater Macedonia*' poster of the early 1990s.

► A 'Macedonia Partitioned' poster of 1983.

◄ Cover of *Macedonia in International Agreements, 1875-1919*, published by FYROM State Archives, Skopje 1994 (in Slavmacedonian). The schematic cover map is a reference to 'partitioned Macedonia'.



▲ The 'partition' of 'Greater Macedonia' is the subject of a book published with a grant from the FYROM Ministry of Culture. The cover has a schematic map of 'partitioned Macedonia': Violetta Ačkovska & Nikola Žežov, ***Betrayal and Murder in Macedonian History***, Skopje 2004 (in Slavmacedonian). The first few pages of the text (pp.11-17) describe the assassination of Philip II.



◄ *Great Britain & Macedonia*, 1944-1945 (*documents*). A sourcebook published by the FYROM Institute of National History. The map of 'Greater Macedonia' can clearly be made out on the cover.

◄ *Great Britain & Macedonia, 1941-1945 (documents).* A sourcebook published by the FYROM Institute of National History. Again, the cover has a map of ‘partitioned Macedonia’.

► *Great Britain & Macedonia, 1945-1948 (documents).* A sourcebook published by the FYROM Institute of National History. This time the map of ‘Greater Macedonia’ is a shadow behind the British flag.

◄ The map illustrates *'The Settling of the Slav Tribes in Macedonia'*. Macedonia is contrasted visually with Greece. The 'national and geographical borders of Macedonia' are shown.
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 1997, p.33

► Map of *The Balkans in Antiquity*, with the additional words *on which* [i.e. the map] *there is the name Macedonia, but not Greece*.
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 1997.

◄ Map title: *The Entry of the Normans and the Crusaders into the Balkans and Macedonia*. All place names are given in their Slavonic form.
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 1998, p.63
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 2006, p.74

◄ Map, Independent Feudal Principalities in Macedonia in the 12th and 13th century. ‘Greater Macedonia’ is shown as a separate unit. All place names are given their Slavonic form.
Историски Атлас- [Historical Atlas], Skopje 1998, p. 66.
Историски Атлас-[Historical Atlas], Skopje 2006, p. 74.



▲ Map title: *The Entry of the Austrian Army into Macedonia, and the Karpoš Rising of 1689.*
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 1992, p.49
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 1997, p.50
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 1998, p.84
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 2006, p.92

▲ Map title: *National Liberation Uprising in Macedonia in the 19th and 20th century*. All place names are given in their Slavonic form. The Neguš [i.e. Naoussa] Rising is shown in mauve.
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 1998, p.105
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 2006, p.114

► Map title: *The Vilayet of Solun* [i.e. Thessaloniki] *in the late 19th century*. The boundaries of 'Greater Macedonia' are shown. From: Bančo Giorgiev, *Sloboda ili Smrt* [Freedom or Death, Skopje 2003 (in Slavmacedonian), p.55. The book was published with a grant from the FYROM Ministry of Culture.



НАЦИОНАЛИЗАМ

ЦРКВАТА Е БРОД ШТО ГИ СПАСУВА ЛУЃЕТО ОД ДУХОВЕН И МОРАЛЕН ПОТОП, И ГИ ОДРЖУВА НАРОДИТЕ ДА НЕ СТАНАТ БЕЗЛИЧНИ МНОЖЕСТВА, А ЛИЧНОСТИТЕ БРОЈКИ. АКО НЕ ЈА СФАТИМЕ ЦРКВАТА, ЌЕ ЈА СМЕТАМЕ ЗА НЕКАКВА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ СЛУЖБА, ШТО НЕКОГАШ СЛУЖИ НА ДРЖАВАТА, НЕКОГАШ ЈА ПОДДРЖУВА НАЦИЈАТА, НЕКОГАШ ГО ГРАДИ СОЦИЈАЛНИОТ ПОРЕДОК И ВООПШТО, ЌЕ СМЕТАМЕ ДЕКА ЦРКВАТА Е НЕКАКВА РЕЗЕРВНА ВОЈСКА КОЈАШТО ВО МИГОВИ НА НУЖДА И ОПАСНОСТ МОЖЕ ДОБРО ДА ПОСЛУЖИ, ВЛИЈАЕЈЌИ ГЛАВНО НА НАРОДНИТЕ МАСИ (М. К. К.)

Премин, Рождество Христово 2004

▲ Map title: ***Macedonia Undivided***. From the Established Church’s official magazine *Premin*, Nos.17/18 (Sept.2005), p.21. The magazine is published with a grant from the FYROM Ministry of Culture.

▲ Map title: *The Partition of Macedonia after the Balkan Wars and the First World War*. All place names are given in their Slavonic form. According to the key 'the boundaries of the partition of Macedonia' are shown by a red line.
Istoriski Atlas [Historical Atlas], Skopje 2006, p.127



▲ The 'partition' of 'Greater Macedonia'. Map from: Jove Dimitrija Talevski, *The Borders of the Republic of Makedonija*, Bitolj [Monastir] 1998 (in Slavmacedonian), p.26a. The book was published with a grant from the FYROM Ministry of Science and Ministry of Defence, and the Military Academy.



◄ Decision to open a FYROM Consulate at Thessaloniki. (The only thing is that the capital city of Greek Macedonia is referred to as 'Solun'). Source: Government Newspaper *Služben Vesnik*, No.30, 11 May 2004, p.5.



► Decision by the Government of FYROM to fund the 'Union of Societies of Macedonians from the Aegean Part of Macedonia'. The Union's headquarters are in Bitolj [Monastir]. Source: Government Newspaper *Služben Vesnik*, No.41, 24 June 2004, p.12.

► Decision by the Government of FYROM to fund the 'Union of Societies of Macedonians from the Aegean Part of Macedonia'. Source: Government Newspaper *Služben Vesnik*, No.41, 24 June 2004, p.13.



ПРОГРАМА
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ГОДИШНИНИ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ВО 2004 ГОДИНА

◄ Voted by the Parliament of FYROM in plenary session, that 'during the year 2004 the following anniversaries of major events and important persons will be celebrated: […]

• 60th Anniversary of the founding of the 'Political Committee of Macedonians in Greece'

• 60th Anniversary of the founding of the 1ST National Liberation Strike Brigade from Aegean Macedonia

• 60th Anniversary of the founding of the 'Goče' Macedonian Battalion from Florina and Kastoria. (Florina and Kastoria become in Slavonic *Lerinsko-Kosturiskiot*).

Source: Government Newspaper *Služben Vesnik*, No.6, 13 February 2004, p.4.

◄ Decreed by the Parliament of FYROM in plenary session, that 'during the year 2004 the following anniversaries of major events and important persons will be celebrated: […]
• 40th Anniversary of the death of Milton Manaki, and 100th Anniversary of the arrival of the Manaki brothers in Bitolj [Monastir]
• 150th Anniversary of the Karatašo [i.e. Djamis Karatasos] Rising
Source: Government Newspaper *Služben Vesnik*, No.6, 13 February 2004, p.5.

ОДЛУКА
ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД РАДИОДИФУЗНАТА ТАКСА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ПРОГРАМИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС (V ОГЛАС)

► Of the many different radio and television programmes to which grants were given, a radio programme entitled 'Ethnic Changes in Aegean Macedonia' received a grant of 85,050 dinars. It was broadcast by a station called ČE-DE DOOEL at Veles.
Source: Government Newspaper *Služben Vesnik*, Government Decision No.23-2306/1/21 July 2003



▼ Pages from Aleksandar Trajanovski's *History of Macedonia*.



ПРОГРАМА
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕМИСИИ И ПРОГРАМИ НАМЕНЕТИ ЗА СТРАНСТВО ВО 2002 ГОДИНА

I - Со оваа програма средствата од Буџетот на Република Македонија за 2002 година, раздел 19301, потставка 443816, утврдени во износ од 3.500.000,00 денари, ќе се користат за финансирање на емисии и програми утврдени со Програмата за реализација на одделни радио емисии за странство за 2002 година, донесена од МРТ.

II - Со средствата од точка I на оваа програма ќе се финансираат одделни радио емисии за странство според планот за реализација на вкупната Програма на МРТ за 2002 година, за следниве радио емисии:

1. Емисија "Глас од татковината" во траење од 3 часа секој ден освен во недела и секој последен викенд во месецот во траење од 7 часа, со карактеристика на емисија од магазински тип со информативни содржини и вести, а повремено содржи и музички делови.

2. Емисии на грчки, бугарски, албански и српски јазик во траење од 2 часа и 30 минути секој ден, освен во недела. Тоа се емисии кои се емитуваат на јазиците на соседните земји на нашата Република. Емисиите се од информативен карактер за настаните во Републикава од областа на стопанскиот и политичкиот живот, како и други значајни активности, а пред се, од областа на културата и слични манифестации со повремени музички делови.

- **(C3) способен е да ВРШИ ПРОЦЕНКИ (ВРЕДНУВАЊЕ)** на одредени историски толкувања, настани и процеси, да го разликува нормативното од реалното и декларативното од објективното.

4

3.2. Конкретизација на целите (знаењата и способностите) по подрачја

ПОДРАЧЈЕ 1: СТАР ВЕК	
Содржина	***Знаења и способности***
- Стар Исток: Први цивилизации – Египетска држава; Феникија и Палестина; Културните достигања на народите на стариот Исток	*Ученикот треба:* - преку различни техники на работа со историски текстови и илустративен материјал од периодот на стариот век да прави самостојна анализа на историски текстови и историски илустрации; да толкува историски документи и да ги вреднува различните интерпретации; - да знае за почетоците на раните цивилизации, природните услови и да ги споредува основните карактеристики на општественото и државното уредување во првите држави; да го разбира значењето на историското време и историскиот простор како главни одредници на историските настани, појави и процеси и причинско-последичните врски во појавата, развојот и пропаѓањето на државите (цивилизациите) на стариот Исток; да ги вреднува културните и цивилизациски придобивки за човештвото од народите и државите на стариот Исток.
- Балканот во стариот век Стара Хелада – Спарта и Атина; Културата на Хелада; Илири и Тракијци	- Да ги опишува природните услови и текот на создавањето на државите на Балканскиот Полуостров; да знае за критско-микенската култура и за Хомеровото време; да ги објаснува и да ги споредува карактеристиките на уредувањето на грчките полиси Спарта и Атина; да ја сфаќа суштината на атинската демократија и реформите на нејзините најважни претставници; да ги проценува значењето и вредностите на културните достреги на Хелада; да ја опишува територијата на илирските племиња, нивниот специфичен начин на живот и обичаи; да го објаснува процесот на создавање на Илирското царство и да знае за културата на Илирите; да го опишува процесот на создавање на Тракиското кралство; да знае за потпаѓањето на Илирите и Тракијците под римска власт.
- Македонија во стариот век Старата Македонска држава до Филип II; Македонската држава во времето на Филип II; Македонската држава во времето на Александар III Македонски; Религијата и културата на античките Македонци; Хеленистички период	- Да ги објаснува специфичностите и карактеристиките во создавањето на старата Македонска држава; да го анализира подемот на Македонската држава во времето на Филип II и неговото завладување со хеленскиот свет; да го објаснува прераснувањето на Македонија во светска сила; да ја вреднува личноста на Александар III Македонски и неговото место во светската историја; да го објаснува хеленистичкиот период во историјата на стариот век; да знае за религијата и културата на античките Македонци.

5

- **Стариот Рим** Создавање и ширење на Римската држава; Опаѓање на Римската држава и внатрешни судири; Појава и ширење на христијанството	- Да знае за создавањето на Римската држава и теориите за настанокот Рим; графички да го претставува државното и општественото уредување на Римската држава и нејзиниот развој (кралство, република, царство); да ги знае причините за пропаѓањето на Римското царство; да ги објаснува почетоците и ширењето на христијанското учење; да го анализира односот на државата кон христијанството и неговото прогласување за државна религија.
- **Македонија под римска власт** Македонија под римска власт; Остатоци на римската култура во Македонија; Ширење на христијанството во Македонија	- Да ги објаснува причините и текот на македонско-римските војни; да ја опишува римската култура во Македонија; да знае за почетокот на ширењето на христијанство во Македонија, за формирањето на христијански општини и улогата на апостол Павле.

6

ПОДРАЧЈЕ 2: СРЕДЕН ВЕК

Содржина	*Знаења и способности*
- **Светот и Европа во раниот среден век** Големата преселба на народите; Државата на Франките; Арабјаните и појавата на исламот; Источно Римско Царство (Византија)	*Ученикот треба:* - да ги знае причините, текот и последиците на големите преселби на народите; да го објаснува создавањето на државата на Франките, нејзиниот развој и распаѓање; да знае за територијата и населението на арапската држава; да го опишува создавањето на исламот, улогата на Мухамед; да ја објаснува културата на Арабјаните и нивното влијание врз европската наука и култура; да знае за развојот на Византија и нејзиниот однос со варварските племиња; да ги објаснува судирите со Словените и Арабјаните; да го толкува процесот на распаѓањето на христијанската црква; да ги вреднува главните карактеристики на византиската култура.
- **Балканот во раниот среден век** Словените и нивните доселувања на Балканот	- Да ја опишува територијата, начинот на живот, обичаите и правците на преселба на Словените; да ги анализира промените кои настанале на Балканот со продорот на словенските племиња.
- **Македонија во раниот среден век** Доселување на Словените во Македонија; Појава и развој на словенската писменост и култура; Дејноста на св. Климент и св. Наум во Македонија; Создавање на Македонската држава – Самуилово царство; Издигнување на државата и претворање во царство; Организација на Самуиловата држава; Слабеење и пропаѓање на Самуиловата држава ;Охридската архиепископија; Востанија во Македонија во XI век	- Да го анализира процесот на населување на Словените во Македонија, процесот на симбиоза со староседелците и нивното потпаѓање под византиска власт; да ја вреднува појавата и значењето на словенската писменост и култура и делото на светите Кирил, Методиј, Климент и Наум; да го објаснува создавањето на Самуиловата држава, да го анализира нејзиното внатрешно уредување, подем и пропаѓање; да го анализира процесот на создавање и опстојување на Охридската архиепископија; знае за внатрецрковната организација на Охридската архиепископија; да ја вреднува улогата на црквата во средновековната историја на македонскиот народ; да ги анализира причините, текот и крајот на востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех.
- **Светот и Европа во развиениот и доцниот среден век до крајот на XVIII век** Средновековни градови; Хуманизам и ренесанса; Големите географски откритија; Култура и наука	- Да ги споредува античките и средновековните градови (начинот на нивното создавање, изгледот преку текстови и илустрации); да ги анализира причините кои довеле до борба на градовите за самоуправа; да ги анализира карактеристиките на хуманизмот и ренесансата и знае за најзначајните претставници на таа епоха; да ги објаснува причините за големите географски откритија и условите кои ги овозможиле истите; да ги споредува поморските патишта по кои плովеле најголемите морепловци; да ги објаснува карактеристиките на културата во средниот век и значењето на појавата на научниците кои ги негирале религиозните толкувања на природата и светот.

7

- Македонија во развиениот среден век Паѓање на Македонија под османска власт	- Да ги опишува условите и начинот на кој Македонија паднала под османска власт.
- Балканот и Македонија под османска власт од XV век до XVIII век Организација на Османската држава и воспоставување на тимарско-спахискиот систем; Отпори против османската власт; Востание на Скендер-бег; Карпошово востание; Охридска архиепископија	- Да ги објаснува основните карактеристики на тимарско-спахискиот систем; да ги анализира економските, етничките и верските промени кои биле резултат на османските освојувања; да ги знае начините на колонизација и исламизација на балканските земји; да ги знае видовите на отпор против османската власт; да ги опишува причините за кревање на востанието на Скендер-бег; да анализира текстови од епоката и друга литература посветени на тој период; да го објаснува текот, последиците и задушувањето на востанието на Скендер-бег; да ја објаснува Австро-османската војна и учеството на балканските народи во војната; да ги анализира причините, текот и последиците од Карпошовото востание; да го објаснува односот на османската власт кон Охридската архиепископија и причините за нејзиното укинување; да го вреднува местото на Охридската архиепископија за зачувување на христијанската религија и култура во Македонија и пошироко.

8

ПОДРАЧЈЕ 3: НОВ ВЕК	
Содржина	***Знаења и способности***
- Светот и Европа од крајот на XVIII век до Првата светска војна Француската револуција и положбата во Европа во првата половина на XIX век; Создавање и издигнување на САД; Европа во втората половина на XIX век и почетокот на XX век; Русија до Првата светска војна	*Ученикот треба:* - да ги анализира причините и последиците од Француската револуција; да ја толкува Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот; да го објаснува формирањето на САД, државното и политичкото уредување и прераснувањето на САД во светска сила; да ги анализира појавите и процесите во Европа во втората половина на XIX век и во почетокот на XX век; да ја објаснува Големата источна криза и улогата на големите сили; ги опишува состојбите во Русија и нејзината балканска политика до Првата светска војна.
- Балканот од крајот на XVIII век до Првата светска војна Османската држава во XIX век и почетокот на XX век; Балканските војни; Албанија во XIX век до почетокот на првата светска војна	- Да ги препознава причините кои довеле до слабеење на Османската држава; да ги анализира влијанијата кои довеле до национално будење кај балканските народи во Османската држава; да ја опишува социјално-економската положба во Албанија, национално-ослободителното движење и процесот на формирање на државата Албанија.
- Македонија од крајот на XVIII век до Првата светска војна Разловечко востание; Македонско (Кресненско) востание; Македонија во политиката на големите сили и балканските држави во втората половина на XIX век; Надворешни пропаганди во Македонија и борба за обнова на Охридската архиепископија; МРО 1893-1903; Истакнати дејци на МРО; МРО и односите со ВМК; Илинденско востание; Македонија во време на Хуриетот (1908-1912); Македонија во балканските војни	- Да ги објаснува причините, текот и последиците од Разловечкото и Кресненското востание; да ја анализира внатрешната и меѓународната положба на Македонија за време на Источната криза; да ги опишува напорите за организирање на црковно-училишна дејност и борбата за обновување на Охридската архиепископија; да ги анализира начините, целите и последиците од делувањето на странските пропаганди во Македонија; да знае за формирањето на МРО и нејзиниот развој до Илинденското востание; да го објаснува значењето на одделните истакнати дејци на МРО; да ги анализира односите на МРО со ВМК; да ги објаснува одлуките за кревањето на Илинденското востание; да знае за почетокот и текот на востанието, создавањето на Крушевската Република; да го анализира Крушевскиот манифест; да ги опишува последиците за македонскиот народ од Илинденското востание; да ги објаснува промените и ситуацијата во Македонија за време на Хуриетот и учеството на Македонците во политичкиот живот за време на власта на Младотурците; да ја анализира освојувачката политика на балканските држави кон Македонија, нивното сојузништво и непријателство во текот на двете балкански војни и последиците од овие војни за Македонија и македонскиот народ.

9

ПОДРАЧЈЕ 4: НАЈНОВ ВЕК	
Содржина	***Знаења и способности***
- **Светот, Европа и Балканот во Првата светска војна** Европа во почетокот на XX век; Првата светска војна; Револуцијата во Русија и нејзиниот одраз во Европа; Балканските народи и држави во Првата светска војна; Парискатa мировна конференција	*Ученикот треба:* - да толкува статистички и други графички показатели; да ги споредува и синтетизира појавите, процесите и личностите преку изработка на различни графички организатори; да споредува различни појави, бара врски помеѓу нив (сличности и разлики); да ги толкува минатите процеси во контекст на современите последици преку анализа на документи, карикатури и други историски извори, текстови и илустрации за светот, Европа, Балканот и Македонија во периодот од 1914 до 2000 година; - да ја објаснува индустријализацијата, развојот на граѓанската демократија; да ги анализира основните карактеристики и посебни интереси на големите држави во почетокот на XX век; да ги одделува причините од поводот за Првата светска војна; да знае за целите на двете завојувани страни во војната, поважните моменти од војната и за нејзините последици; да ги опишува условите во Русија за време на Првата светска војна и избувнувањето на Октомвриската револуција; да го објаснува создавањето на СССР и влијанието на Октомвриската револуција во светот; да го објаснува влегувањето на балканските држави во Првата светска војна и положбата на нивното население за време на војната; да го пишува Македонскиот фронт; да ги објаснува последиците од војната за балканските земји и народи; да знае за најважните одлуки на Парискатa мировна конференција; да го вреднува карактерот на новата политичка карта на Европа.
- **Македонија во Првата светска војна** Македонија и македонскиот народ во Првата светска војна	- Да го објаснува местото на Македонија во преговорите помеѓу Антантата и Централните сили; да ја опишува положбата на македонскиот народ под окупациите и учеството на Македонците во различните армии.
- **Светот и Европа меѓу двете светски војни** Меѓународните односи меѓу двете светски војни; Појава на фашизмот и криза на граѓанската демократија	- Да ги анализира политичките односи во Европа и во светот по Првата светска војна и обидите за создавање систем на колективна безбедност во Европа; да ја објаснува големата економска криза и различните начини на излез од истата.

10

- **Балканските држави меѓу двете светски војни** Балканските држави меѓу двете светски војни; Односите меѓу балканските држави меѓу двете светски војни	- Да го анализира односот на големите сили кон балканските народи и држави на Парискатa мировна конференција; да го објаснува политичкиот живот во балканските држави и положбата на малцинствата во балканските држави меѓу двете светки војни;
- **Македонија меѓу двете светски војни** Македонија под власта на соседните држави; Македонското националноослободително движење меѓу двете светски војни; Афирмација на македонската национална свест, јазик и култура	- Да ја споредува положбата на македонскиот народ под власта на различните балкански режими; да ја анализира денационализаторската и асимилаторска политика; да ги објаснува етничките промени; да знае за организациите и различните струи во македонското националноослободително движење меѓу двете светки војни; да ги објаснува напорите на македонските организации, друштва и поединци во афирмирањето на македонската национална свест, јазик и култура.
- **Светот во Втората светска војна** Втората светска војна 1939-1941; Втората светска војна 1941-1943; Втората светска војна 1943-1945	- Да ги објаснува причините за Втората светска војна, поводот за нејзиното започнување, нејзиниот тек и најважните пресвртни битки од 1939 до 1945 година; да ја опишува капитулацијата на земјите на Тројниот сојуз; да ги објаснува последиците од Втората светска војна.
- **Македонија во Втората светска војна** Фашистичката окупација и поделба на Македонија; НОБ и антифашистичката борба на македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија 1941-1944; Конституирање на македонската држава; Народноослободителното движење и НОВ во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна	- Да ја опишува окупацијата и поделбата на Македонија; да ги анализира подготовките за вооружена антифашистичка борба и текот на НОБ во вардарскиот дел на Македонија; да го проследува развојот на воената сила и организирањето на народна власт сѐ до конституирањето на современата македонска држава на Првото заседание на АСНОМ; да го објаснува народноослободителното движење во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија и соработката со ослободителното движење во вардарскиот дел на Македонија
- **Светот по Втората светска војна** Холокаустот; Политиката во креирањето на повоениот свет; Меѓународните општествено-	- Да го објаснува холокаустот; да знае за најважните одлуки на Посдамската конференција; да ги анализира одлуките на Парискатa мировна конференција и нивните последици за повоениот свет; да го објаснува формирањето на ООН и нејзините механизми за зачувување на светскиот мир; да ги анализира причините за појавата на студената војна и формирањето на блоковите

11

економски и политички односи во светот по Втората светска војна; Меѓународните воено-политички кризи и формирање на нови држави во светот; Советизација на источноевропските земји; Нови тенденции и промени во светот; Деколонизација и неоколонијализам во светот по Втората светска војна	(НАТО и Варшавскиот договор); да го анализира спроведувањето на Маршаловиот план и Трумановата доктрина; да ја објаснува советизацијата на источноевропските земји и појавата на Информбирото; да ја анализира појавата на кризи во социјалистичките држави и нивното преминување кон повеќепартиска парламентарна демократија; да го објаснува процесот на деколонизација и функционирањето на неоколонијализмот; да знае за европските интеграции и најважните европски асоцијации.
- **Балканските држави по Втората светска војна** Рефлексиите на светската политика на балканските држави; Општествено-економски и политички промени во балканските земји; Функционирањето на југословенската федерација и причините за нејзиното распаѓање; Развој и криза на социјализмот во балканските земји	- Да ги објаснува политичко-економските промени во балканските држави во повоениот период; да ги споредува сличностите и разликите помеѓу уредувањата на балканските држави; да ја опишува Граѓанската војна во Грција, нејзините последици и политичкиот развој на Грција до крајот на XX век; да го објаснува развојот на Албанија, Бугарија и Југославија, навлегувањето во криза на нивните политичко-економски системи и почетоците на транзицијата.
- **Македонија по Втората светска војна** Општествено-политички и економски развој на Македонија 1946-1991; Создавање самостојна и независна Македонија; Македонската православна црква и другите верски заедници во Македонија; Образование, наука и култура; Положбата на Македонците во соседните држави; Миграциони движења во Република Македонија	- Да ја анализира положбата на Македонија во рамките на југословенската федерација; да ги опишува процесите, појавите и промените во политичката и економската сфера во РМ од 1945 до 1991 година; да го објаснува процесот на осамостојување на РМ и нејзиниот развој до 2000 година; да ја објаснува улогата на МПЦ, ИВЗ и другите верски заедници во РМ; да знае за главните достигања на планот на развојот на образованието, науката и културата; да ја анализира положбата на Македонците во соседните држави и врши споредба со положбата на етничките заедници во РМ; да ги објаснува причините за миграциите на населението од Македонија; да ја објаснува миграцијата село-град и иселувањето на граѓаните од Македонија во странство.

12

4. СПЕЦИФИКАЦИСКА МРЕЖА НА ИСПИТОТ

Спецификациската мрежа го определува соодносот на подрачјата (содржините) и на способностите (глобалните цели на испитот) изразен во проценти.

Способности	Подрачја				
	$П_1$	$П_2$	$П_3$	$П_4$	ЗАСТАПЕНОСТ (%)
C_1					45–55
C_2					25–35
C_3					15–25
ЗАСТАПЕНОСТ (%)	15–25	25–35	15–25	25–35	100

C_1 - знаење и разбирање
C_2 - анализирање и откривање
C_3 - проценување (вреднување)

$П_1$ - Стар век
$П_2$ - Среден век
$П_3$ - Нов век
$П_4$ - Најнов век

13

5. ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по предметот историја е писмен. Тој се состои во решавање на тест на знаења што ќе биде подготвен на државно ниво и ќе се спроведува на екстерен начин.

Времетраењето на испитот по историја е 90 минути.

Тестот ќе содржи околу 50 испитни задачи од кои најголем дел ќе бидат со повеќечлен избор, друг дел задачи со кратки одговори и еден дел задачи во кои ќе се бара учениците да дадат пошироки образложени одговори.

Тип на испитната задача	Опис на барањата на задачата
1. Испитни задачи со повеќекратен избор	25 - 30 задачи. Ученикот треба да го распознае точниот одговор и да го заокружи
2. Испитни задачи со дополнување	20 - 25 задачи. Во празниот простор на задачата ученикот треба да го напише бараниот (испуштениот) податок;
3. Испитни задачи од отворен тип	3 - 5 задачи. Задачите можат да бидат: - задачи со директно прашање и одговор - задачи за анализа и вреднување на историски илустрации и текстови (учениците добиваат задача од зададен текст, илустрација и сл. да извлечат сознанија за одредена историска појава, настан или личност, според поставените барања).

6. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Вкупниот број на бодови што можат да се освојат на испитот е од 80 до 100.

Точниот одговор на задачите со повеќе член избор (во кои се бара ученикот да избере еден од одговорите што се понудени), се оценува со еден бод. Со точно решавање на ваквите задачи ученикот може да освои до 30 бодови.

Точниот одговор на задачите со кратки одговори (со еден или неколку зборови), исто така се вреднува со еден бод. Со точното решавање на ваквите задачи ученикот може да освои од 20 до 25 бодови.

Задачите на кои се бара учениците да дадат пошироки, образложени одговори (да решат одредена проблемска ситуација), се оценуваат така што одделно се оценува секоја фаза од одговарањето на бараната задача. Со точното решавање на ваквите задачи ученикот може да освои од 30 до 50 бодови.

Оценувањето се врши екстерно и централизирано (на едно место) од страна на независни оценувачи, врз основа на однапред изготвено упатство и усогласени критериуми.

Минималниот број бодови за да се положи испитот по историја, како и распонот на бодовите за секоја од позитивните оценки (доволен - 2, добар - 3, многу добар - 4 и одличен - 5) го утврдува Државниот матурски одбор, за секоја испитна сесија посебно, на предлог на Државната матурска предметна комисија по историја, по спроведувањето на испитот.

▲ FYROM Ministry of Education High School & Technical College history exam syllabus.
On p.6 are extended references to Macedonian history. On p.9 the pupil is instructed to ‘analyse Balkan states’ policy of conquest towards Macedonia; their alliance and rivalry during the two Balkan Wars; and the outcome of the Balkan Wars for Macedonia and her people’. On p.10 the pupil is instructed to ‘give an account of Macedonia’s status in talks between the Entente and the Central Powers’ and ‘describe the status of the Macedonian people in the conquered regions, and the part played by Macedonians in the various armies’. On p.11 the pupil is instructed to ‘give an account of the National Liberation Movement in the Pirin and the Aegean Part of Macedonia’, during the Second World War.

ИСПИТНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ИСПИТИ

ИСТОРИЈА

УЧИЛИШНА МАТУРА

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2005



МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ИСПИТИ

ИСПИТНА ПРОГРАМА

ИСТОРИЈА

УЧИЛИШНА МАТУРА
ВО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Испитната програма по **историја** за училишна матура во гимназиското образование е донесена со решение на министерот за образование и наука бр. 11-6815/3 од 10.11.2005 година.

1. ВОВЕД

Согласно концепциските и содржинските промени на гимназиското образование, направени се промени и во испитите на крајот на овој вид образование.

Воведувањето на централизирани испити на крајот од средното образование е во функција на контрола на квалитетот, а со тоа и на подобрување на наставата во средното образование. Имплементирањето на новите модели на испити во средното образование ја наметна и потребата од изготвување испитни програми.

Испитната програма за училишната матура по историја за гимназиското образование е основен документ на кој се темели матурскиот испит по овој наставен предмет. Во овој документ јасно е дефинирано кои знаења, умеења и способности ќе се проверуваат на испитот.

Испитната програма првенствено е наменета за учениците и наставниците, изготвувачите на испитните материјали, организаторите на испитите, како и за други потенцијални корисници. Како официјален документ испитната програма претставува најважен елемент во обезбедувањето транспарентност на образовниот систем.

Испитната програма е изготвена според наставните програми по историја за I, II и III година за реформираното гимназиско образование (каде што историјата се изучува како задолжителен предмет во I, II и III година со 2 часа неделно). Таа е наменета за учениците од гимназиското образование кои ќе го изберат предметот историја на ниво на училишна матура.

Испитната програма ги содржи следните компоненти:
- Општа цел на испитот
- Содржина на испитот
- Спецификација на подрачјата (содржините) и способностите
- Конкретизација на целите (знаењата и способности)
- Спецификациска мрежа на испитот
- Структура на испитот и оценување
- Опис на испитот
- Начин на оценување.

1

2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСПИТОТ

Успешното полагање на училишната матура, која го вклучува и предметот историја, ќе значи добивање сертификат (диплома) за завршено средно образование.

Со матурскиот испит по предметот историја се врши заокружување, односно се дава завршна оценка на знаењата и способностите што учениците треба да ги имаат на крајот од четиригодишниот образовен процес.

Општа цел на матурскиот испит по историја е да провери дали ученикот:
- знае и разбира определен број историски факти, поими, настани, појави, процеси и личности од стар век, среден век, нов век и најнов век;
- е способен да анализира, открива, и објаснува причинско-последични односи на историските појави и процеси;
- умее да споредува у одредени појави, процеси, личности, епохи и историски локалитети;
- е способен да толкува, аргументира и носи заклучоци за различни појави и процеси;
- умее да го разликува нормативното од реалното и декларативното од објективното во историските појави и процеси;
- е способен да проценува (вреднува) одредени историски толкувања, настани и процеси;

2

3. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

3.1. Спецификација на подрачјата (содржините) и способностите

Програмски подрачја:

- Стар век
- Среден век
- Нов век
- Најнов век

Овде се глобално дефинирани знаењата и способностите што треба да ги поседува ученикот.
За да го положи испитот ученикот треба да покаже дека:

- **(C1) ЗНАЕ И РАЗБИРА** определен број историски факти, поими, настани, појави, процеси и личности.
- **(C2) способен е да ги АНАЛИЗИРА И ОТКРИВА (објаснува)** причинско-последичните односи на историските појави и процеси, да врши споредби помеѓу одредени појави, процеси, личности, епохи и историски локалитети, да толкува, аргументира и носи заклучоци за различни појави и процеси;
- **(C3) способен е да ВРШИ ПРОЦЕНИ (ВРЕДНУВАЊЕ)** на одредени историски толкувања, настани и процеси, да го разликува нормативното од реалното и декларативното од објективното.

3

3.2. Конкретизација на целите (знаењата и способностите)

ПОДРАЧЈЕ 1: СТАР ВЕК	
Содржина	***Знаења и способности***
- Стар Исток: Први цивилизации – Египетска држава; Културните достигања на народите на стар Исток	*Ученикот треба:* - да прави анализа на историски текстови и историски илустрации и да толкува историски документи; - да знае за формирањето на првите (речни) цивилизации и првите држави; - да знае за настанокот и развојот на египетската држава; да знае за културните и цивилизациски придобивки за човештвото од народите и државите на стариот Исток.
- Балканот во стариот век Стара Хелада – Спарта и Атина; Културата на Хелада; Илири	- Да ги опишува природните услови и текот на создавањето на државите на Балканскиот Полуостров; да знае за Хомеровото време; да ги објаснува и ги споредува карактеристиките на уредувањето на грчките полиси Спарта и Атина; да ги проценува значењето и вредностите на културните дострели на Хелада; да ја опишува територијата на илирските племиња, нивниот специфичен начин на живот и обичаи; да го објаснува процесот на создавање на Илирското царство; да знае за потпаѓањето на Илирите и за нивната култура.
- Македонија во стариот век Старата Македонска држава до Филип II; Македонската држава во времето на Филип II; Македонската држава во времето на Александар III Македонски; Религијата и културата на античките Македонци; Хеленистички период	- Да ги објаснува специфичностите и карактеристиките во создавањето на старата македонска држава; да го анализира подемот на македонската држава во времето на Филип II и неговото завладување со хеленскиот свет; да го објаснува прераснувањето на Македонија во светска сила; да ја вреднува личноста на Александар III Македонски и неговото место во светската историја; го објаснува хеленистичкиот период во историјата на стариот век.
- Стар Рим Создавање и ширење на римската држава; Опаѓање на римската држава и внатрешни судири; Појава и ширење на христијанството	- Да знае за создавањето на римската држава и нејзиниот развој; да ги знае причините за пропаѓањето на Римското Царство; да ги објаснува почетоците и ширењето на христијанското учење, односот на државата кон христијанството и неговото прогласување за државна религија.
- Македонија под римска власт Македонија под римска власт; Ширење на христијанството во Македонија	- Да ги објаснува причините и текот на македонско-римските војни; да знае за почетокот на ширењето на христијанство во Македонија, формирањето на христијанските општини и улогата на апостол Павле.

4

ПОДРАЧЈЕ 2: СРЕДЕН ВЕК	
Содржина	***Знаења и способности***
- Светот и Европа во раниот среден век Големата преселба на народите; Државата на Франките; Арабјаните и појавата на исламот; Источно Римско Царство (Византија)	*Ученикот треба:* - Да ги знае причините, текот и последиците на големите преселби на народите; да го објаснува создавањето на државата на Франките, нејзиниот развој и распаѓање; да знае за територијата и населението на арапската држава; да го опишува создавањето на исламот, улогата на Мухамед; да знае за развојот на Византија и нејзините судири со Словените.
- Балканот во раниот среден век Словените и нивните доселувања на Балканот	- Да ја опишува територијата, начинот на живот, обичаите и правците на преселбата на Словените; да ги анализира промените кои настанале на Балканот со продорот на словенските племиња.
- Македонија во раниот среден век Доселување на Словените во Македонија; Појава и развој на словенската писменост и култура; Дејноста на св. Климент и св. Наум во Македонија; Создавање на македонската држава – Самуилово царство; Издигнување на државата и претворање во царство; Слабеење и пропаѓање на Самуиловата држава; Охридската архиепископија	- Да го опишува населувањето на Словените во Македонија и промените кои настанале; да знае за потпаѓањето на Словените под византиска власт; ја објаснува појавата и значењето на словенската писменост и култура и делото на светите Кирил, Методиј, Климент и Наум; да го објаснува создавањето на Самуиловата држава, нејзиниот подем и пропаѓање; да знае за создавањето и опстојувањето на Охридската архиепископија и за нејзината внатрецрковна организација.
- Светот и Европа во развиениот и доцниот среден век до крајот на XVIII век Средновековни градови; Хуманизам и ренесанса; Големите географски откритија; Култура и наука	- Да знае за начинот на создавање на средновековните градови и за воведувањето на самоуправа во градовите; да ги објаснува карактеристиките на хуманизмот и ренесансата и знае за најзначајните претставници на таа епоха; да ги објаснува причините за големите географски откритија и условите кои ги овозможиле истите; да знае за развојот на културата и науката.
- Македонија во развиениот среден век Паѓање на Македонија под османлиска власт	- Да ги опишува условите и начинот на кој Македонија паднала под османлиска власт.
- Балканот и Македонија под Османска власт од XV век до XVIII век Организација на османлиската држава и воспоставување на тимарско-спахискиот систем; Отпори против османлиската власт; Востанието на Скендер - бег; Карпошево востание; Охридска архиепископија	- Да знае за организацијата на османлиската држава; ги знае видовите на отпор против османлиската власт; да ги опишува причините, текот и последиците од востанието на Скендер - бег; да го објаснува текот, последиците и задушувањето на востанието на Скендер бег; ги објаснува причините, текот и последиците од Карпошевото востание; да знае за Охридската архиепископија и за причините за нејзиното укинување.

5

ПОДРАЧЈЕ 3: НОВ ВЕК	
Содржина	***Знаења и способности***
- Светот и Европа од крајот на XVIII век до Првата светска војна Француската револуција и положбата во Европа во првата половина на XIX век; Создавање и издигнување на САД; Европа во втората половина на XIX век и почетокот на XX век; Русија до Првата светска војна	*Ученикот треба:* - да ги објаснува причините и последиците од Француската револуција; да знае за улогата на Наполеон Бонапарта; да го објаснува формирањето на САД, државното и политичко уредување и прераснувањето на САД во светска сила; да ги анализира појавите и процесите во Европа во втората половина на XIX век и во почетокот на XX век; да ја објаснува Големата источна криза и улогата на големите сили; да ги опишува состојбите во Русија и нејзината балканска политика до Првата светска војна.
- Балканот од крајот на XVIII век до Првата светска војна Османлиската држава во XIX век и почетокот на XX век; Балканските војни; Албанија во XIX век до почетокот на првата светска војна	- Даги препознава причините кои довеле до слабеење на османлиската држава; да ги анализира влијанијата кои довеле до национално будење кај балканските народи во османлиската држава; да ја опишува социјално-економската положба во Албанија, национално-ослободителното движење и процесот на формирање на државата Албанија.
- Македонија од крајот на XVIII век до Првата светска војна Разловечко востание; Македонско (Кресненско) востание; Македонија во политиката на големите сили и балканските држави во втората половина на XIX век; Надворешни пропаганди во Македонија и борба за обнова на Охридската архиепископија; Илинденско востание; Македонија во време на Хуриетот (1908-1912); Македонија во балканските војни;	- Да ги објаснува причините, текот и последиците од Разловечкото и Кресненското востание; да ја анализира внатрешната и меѓународната положба на Македонија за време на Источната криза; да ги опишува напорите за организирање на црковно-училишна дејност и борбата за обновување на Охридската архиепископија; да го опишува делувањето на странските пропаганди во Македонија и нивните цели; да знае за формирањето на МРО и нејзиниот развој до Илинденското востание; да знае за почетокот и текот на Илинденското востание, создавањето на Крушевската Република; да ги опишува последиците за македонскиот народ од Илинденското востание; да ги објаснува промените и ситуацијата во Македонија за време на Хуриетот и учеството на Македонците во политичкиот живот за време на власта на младотурците; да знае за последиците од балканските војни за Македонија и македонскиот народ.

6

ПОДРАЧЈЕ 4: НАЈНОВ ВЕК

Содржина	*Знаења и способности*
- Светот, Европа и Балканот во Првата светска војна Првата светска војна; Балканските народи и држави во Првата светска војна; Париската мировна конференција	*Ученикот треба:* - да ги споредува појавите, процесите и личностите од најновата историја; ги толкува минатите процеси во контекст на современите последици преку анализа на документи, карикатури и други историски извори, текстови и илустрации за светот, Европа, Балканот и Македонија во периодот од 1914 до 2000 година. - да знае за причините и за поводот за Првата светска војна; да знае за поважните моменти од војната и за нејзините последици; да го објаснува влегувањето на балканските држави во Првата светска војна и положбата на нивното население за време на војната; да го пишува Македонскиот фронт; да ги објаснува последиците од војната за балканските земји и народи; да знае за најважните одлуки на Париската мировна конфернција и нивните последици.
- Македонија во Првата светска војна Македонија и македонскиот народ во Првата светска војна	- Да го објаснува местото на Македонија во преговорите помеѓу Антантата и Централните сили; да ја опишува положбата на македонскиот народ под окупациите и учеството на Македонците во различните армии.
- Светот и Европа меѓу двете светски војни Меѓународните односи меѓу двете светски војни; Појава на фашизмот и криза на граѓанската демократија	- Да ги анализира политичките односи во Европа и во светот по Првата светска војна; да ја објаснува големата економска криза и различните начини на излез од истата; да знае за карактеристиките на фашизмот.
- Македонија меѓу двете светски војни Македонија под власта на соседните држави; Македонското националноослободително движење меѓу двете светски војни	- Да ја опишува положбата на македонскиот народ под власта на различните балкански режими; да ги објаснува етничките промени; да знае за организациите и различните струи во македонското национално-ослободително движење меѓу двете светски војни
- Светот во Втората светска војна Втората светска војна 1939-1941; Втората светска војна 1941-1943; Втората светска војна 1943-1945	- Да ги објаснува причините за Втората светска војна, нејзиниот тек и најважните пресвртни битки од 1939 до 1945 година; да ја опишува капитулацијата на земјите на Тројниот сојуз; да знае за последиците од Втората светска војна.

7

- Македонија во Втората светска војна Фашистичката окупација и поделба на Македонија; НОБ и антифашистичката борба на македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија 1941-1944; Конституирање на македонската држава.	- Да ја опишува окупацијата и поделбата на Македонија; да ги анализира подготовките за вооружена антифашистичка борба и текот на НОБ во вардарскиот дел на Македонија; да го проследува развојот на воената сила и организирањето на народна власт сè до конституирањето на современата македонска држава на Првото заседание на АСНОМ.
- Светот по Втората светска војна Холокаустот; Меѓународните општествено-економски и политички односи во светот по Втората светска војна; Меѓународните воено-политички кризи и формирање на нови држави во светот; Нови тенденции и промени во светот; Деколонизација и неоколонијализам во светот по Втората светска војна.	- Да го објаснува холокаустот; да знае за одлуките на конференцијата во Потсдам и на Париската мировна конференција; да го објаснува формирањето на ООН и нејзините механизми за зачувување на светскиот мир; да знае за појавата на студената војна, формирањето на блоковите (НАТО и Варшавскиот договор), трката во вооружување и појавата на нови кризни жаришта; да ги опишува внатрешните општествено-економски и политички промени во источноевропските земји; да ја анализира појавата на кризи во социјалистичките држави и нивното преминување кон повеќепартиска парламентарна демократија; да го објаснува процесот на деколонизација и појавата на неоколонијализмот; да знае за европските интеграции и најважните европските асоцијации.
- Македонија по Втората светска војна Општествено-политички и економски развој на Македонија 1946-1991; Создавање самостојна и независна Македонија; Македонската православна црква и другите верски заедници во Македонија; Образование, наука и култура; Положбата на Македонците во соседните држави; Македонското иселеништво во Европа и во прекуокеанските земји	- Да ги опишува процесите, појавите и промените во политичката и економската сфера во РМ од 1945 до 1991 година; да го објаснува процесот на осамостојување на РМ и нејзиниот развој до 2000 година; да ја објаснува улогата на МПЦ, ИВЗ и другите верски заедници во РМ; да знае за главните достигања на планот на развојот на образованието, науката и културата; да ја објаснува и споредува положбата на Македонците во соседните држави и положбата на етничките заедници во РМ; да ги објаснува причините за иселување од Македонија во странските земји.

8

4. СПЕЦИФИКАЦИСКА МРЕЖА НА ИСПИТОТ

Спецификациската мрежа го определува соодносот на подрачјата (содржините) и на способностите (глобалните цели на испитот) изразен во проценти.

Способности	Подрачја				
	$П_1$	$П_2$	$П_3$	$П_4$	ЗАСТАПЕНОСТ (%)
C_1					55-65
C_2					25-35
C_3					5-15
ЗАСТАПЕНОСТ (%)	20-25	20-25	25-35	15-25	100

C_1 - знаење и разбирање
C_2 - анализирање и откривање
C_3 - проценување (вреднување)

$П_1$ - Стар век
$П_2$ - Среден век
$П_3$ - Нов век
$П_4$ - Најнов век

9

5. ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по предметот историја е писмен. Тој се состои во решавање на тест на знаења.

Времетраењето на испитот по историја е 90 минути.

Тестот ќе содржи околу 50 испитни задачи.

Во тестот се застапени три вида испитни задачи; задачи со повеќечлен избор (во кои ученикот треба да избере еден од понудените одговори), задачи со кратки одговори (во кои ученикот треба на означеното место да запише краток одговор) и отворени задачи (во кои се бара од ученикот да даде пошироки образложени одговори).

Тип на испитната задача	Опис на барањата на задачата
1. Испитни задачи со повеќекратен избор	45 - 55 задачи. Ученикот треба да го распознае точниот одговор и да го заокружи.
2. Испитни задачи со дополнување	20 - 30 задачи. Во празниот простор на задачата ученикот треба да го напише бараниот (испуштениот) податок.
3. Испитни задачи од отворен тип	1 - 3 задачи. Задачите можат да бидат: - задачи со директно прашање и одговор; - задачи за анализа и вреднување на историски илустрации и текстови (учениците добиваат задача од зададен текст, илустрација и сл. да извлечат сознанија за одредена историска појава, настан или личност, според поставените барања).

10

6. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Вкупниот број на бодови што можат да се освојат на испитот по историја е од 80 до 100.

Точниот одговор на задачите со повеќечлен избор (во кои се бара ученикот да избере еден од одговорите што се понудени) се оценува со 1 бод.

Точниот одговор на задачите со кратки одговори (во кои се бара ученикот на означеното место да запише краток одговор) исто така се оценува со 1 бод.

Задачите на кои се бара ученикот да даде поширoки образложени одговори, се оценуваат така што одделно се оценува точното решение во секоја фаза (на секој чекор) од одговорањето на барањето на задачата.

Оценувањето се врши во училиштето од страна на Училишната предметна комисија, а врз основа на изготвено упатство и усогласени критериуми.

Критериумите за да се положи испитот по историја, како и критериумите за секоја од позитивните оценки (доволен - 2, добар - 3, многу добар - 4 и одличен 5) ги утврдува Училишната матурска предметна комисија по историја за секоја сесија.

11

▲ **FYROM Ministry of Education High School history exam syllabus.**
On p.4 are extended references to Macedonian history. On p.6 the pupil is instructed to 'analyse foreign propaganda in Macedonia, and its aims' and to 'show knowledge of the effects of the Balkan Wars on Macedonia and her people'. On p.7 the pupil is instructed to 'describe the status of the Macedonian people under the rule of the various Balkan regimes'. On p.8 the pupil is instructed to 'give an account of, the status of Macedonians in neighbouring countries, and compare it with the status of ethnic communities in the Republic of Makedonija'.

ИСПИТНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ИСПИТИ

ГЕОГРАФИЈА

УЧИЛИШНА МАТУРА

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, јуни 2005

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ИСПИТИ

ИСПИТНА ПРОГРАМА

ГЕОГРАФИЈА

УЧИЛИШНА МАТУРА
ВО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Испитната програма по **географија** за училишна матура во гимназиското образование е донесена со решение на министерот за образование и наука бр. 11-6815/3 од 10.11.2005 година.

1. ВОВЕД

Реформите во средното образование во Р. Македонија започнаа со донесување на Законот за средно образование во 1995 година. Во 1996 година беа усвоени документите Програмска структура на средното образование и образовните профили во средното стручно образование. Новиот Наставен план и програма во гимназиското образование што почна да се применува од учебната 2001/2002 година, со цел да се подигне квалитетот на образованието, претставува фундамент на кој се темели програмата за матурскиот испит по географија. Потребите од промени произлегоа од воочените слабости на постојните завршни испити на крајот од средното образование, кои немаа повратно влијание на квалитетот на образовниот процес.

Испитната програма за училишната матура по географија е документ во кој јасно е дефинирано кои знаења, умеења и способности ќе се проверуваат на испитот. Истовремено таа претставува и значаен елемент во обезбедувањето на транспарентност на образовниот систем.

Матурската испитна програма се темели врз наставните програми за I и II година како задолжителни предмети во гимназиското образование.

Испитната програма првенствено е наменета за учениците, наставниците, изготвувачите на тестовите, организаторите на испитите, како и за други потенцијални корисници.

Испитната програма ги содржи следните компоненти:

- Општа цел на испитот
- Содржина на испитот
- Спецификација на подрачјата (содржините) и способностите
- Конкретизација на целите (знаењата и способности)
- Спецификациска мрежа на испитот
- Структура на испитот и оценување
- Опис на испитот
- Начин на оценување.

1

2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСПИТОТ

Општа цел на матурскиот испит по географија е да се провери колку ученикот е оспособен:

- да го препознава просторот на Република Македонија и светот;
- да ги објаснува природните појави и процеси од просторот;
- да ги презентира природно-географските и социо-економските карактеристики на континентите, региите, поголемите држави во светот и Република Македонија;
- да покажува сигурност при користење на својата географска писменост;
- самостојно да ги пронаоѓа и класифицира објектите, појавите, процесите и состојбите во просторот.

2

3. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

3.1. Спецификација на подрачјата (содржините) и способностите

Содржини кои ќе бидат опфатени на матурскиот испит:

- Природно-географски карактеристики на светот и Република Македонија;
- Социо-географски карактеристики на светот и Република Македонија;
- Економско-географски карактеристики на светот и Република Македонија.

Испитната програма е ориентирана кон проверка на географските знаења и способности на ученикот.

Подолу се групирани способностите (С1, С2, С3) кои ученикот треба да ги поседува за успешно решавање на испитните задачи.

Ученикот треба:

- **(С1) да има стекнато знаење и разбирање за природно-географските и социо-економските карактеристики на светот и Р. Македонија** (наоѓа, лоцира, идентификува, набројува, препознава, именува, покажува, објаснува и дискутира);
- **(С2) да е оспособен за примена на своето картографско и географско знаење** (приспособува, употребува, користи, конструира, демонстрира, илустрира и подготвува);
- **(С3) да е оспособен да прави анализа и синтеза на објектите, појавите и состојбите во просторот** (разликува, споредува, класифицира, дискутира, заклучува, предлага, комбинира, проценува, планира и утврдува).

3

3.2. Конкретизација на целите (знаењата и способностите)

ПОДРАЧЈЕ 1: ПРИРОДНО - ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СВЕТОТ И Р. МАКЕДОНИЈА	
Содржина	***Знаења и способности***
1. ВСЕЛЕНА И ВСЕЛЕНСКИ ТЕЛА - Ѕвезди - Сонце и Сончев систем - Планети - Сателити - Месечина	*Ученикот треба:* - да поседува знаења за вселената, вселенските тела, Сонцето, Сончевиот систем, планетите, сателитите и Месечината; - да ги согледува карактеристиките на вселената и вселенските тела, Сонцето, Сончевиот систем и Месечината; - да објаснува за објектите, појавите и процесите во вселената; - да умее да ги процени разликите на Земјата со другите планети.
2. ЗЕМЈАТА КАКО ВСЕЛЕНСКО ТЕЛО - Формата на Земјата - Димензиите на Земјата	- Да умее да ја препознае формата на Земјата; - да има сознанија за димензиите на Земјата и да дава објаснување за нив.
3. ЗЕМЈЕНИ ДВИЖЕЊА И ПОСЛЕДИЦИ ОД ЗЕМЈЕНИТЕ ДВИЖЕЊА - Земјена ротација - Земјена револуција - Последици од Земјените движења	- Да умее да ги идентификува движењата на Земјата; - да ги проценува разликите помеѓу двете движења; - да демонстрира за Земјените движења и последиците од нив на наставно - нагледни средства и помагала; - да дава коментар за промените на денот и ноќта, годишните времиња и појавата на повеќето топлински појаси на Земјата.
4. ФИЗИЧКО - ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗЕМЈАТА - Градба и состав на Земјата - Тектоника /вулкани и земјотреси/	- Да умее да ја препознава градбата и составот на Земјата; - да умее да дава опис за внатрешната градба на Земјата; - да умее да илустрира за појавата на вулканите, поствулканските појави, земјотресите и земјотресните зони.
5.. ЛИТОСФЕРА - Геолошки состав на Земјената кора и Р. Македонија - Формирање на релјефот - Релјефот во Р. Македонија - Почвени типови	- Да умее да ги идентификува трите основни видови на карпи; - да објасни за карактеристиките и настанакот на седиментните, магматските и метаморфните карпи; - да го процени значењето на внатрешните сили во формирањето на релјефот; - да умее да го класифицира релјефот во Р. Македонија; - да ги разликува и категоризира почвените типови.

4

Второто: повторно од СР Југославија со чинот на етничкото чистење на Косово кое резултира со **бегалската криза од која 350.000 бегалци засолниште побараа на просторот на Република Македонија.** Агресивниот чин се толкува како протерување на туѓа територија на свои државјани бидејќи егзодусираното албанско и друго население се граѓани на СР Југославија.

Според меѓународните стандарди на бегалските кризи, голем дел од тие лица со помош на меѓународниот фактор се вратија и ќе се враќаат, а дел од нив врз основа на склучување на бракови, изнаоѓање на најразновидни нелегални начини на престој и број кој воопшто не може да се евидентира **трајно ќе останат на македонскиот простор; и**

Третото: од страна на Грција со чинот на економската и политичката блокада (политичката сè уште трае) како последица на реагирањето по повод донесувањето на Уставот и во него дефинираното име на државата Република Македонија. Економската блокада се толкува како агресивно средство на „специјалната војна" чија цел е иста како и кај „жешката војна", но не да се реализира со вооружени туку со суптилни невоени, економски средства.

Освен агресивните мерки и активности, од страна на нашите соседи забележливи се и други притисоци и активности кои, и покрај признавањето на државата со уставното име (освен Грција), оставаат белези на стратегиски цели што во некое дадено време и на определен простор би можеле да се реализираат. Најсуштествени се следниве:

- **СР Југославија:** неутврдувањето на државното разграничување и непризнавањето на афтокефалноста на МПЦ;
- **Бугарија:** непризнавањето на македонската нација и јазик, докажувајќи дека македонскиот народ е со бугарски корени па според тоа во Македонија живее 1.400.000 бугарско население[15], непризнавање на постоење на македонско национално малцинство во Бугарија и непризнавање на афтокефалноста на МПЦ;
- **Грција:** прашањето за уставното име на Република Македонија, статусот на македонските бегалци, националното малцинство и непризнавањето на МПЦ; и
- **Албанија:** тврдењето за право на јурисдикција на просторот на Република Македонија на кого претежно живее албанско население и перманентното

[15] Поопширно види: НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЧЕСКА ПРОГРАМА № 1. Научен център за Българска Национална Стратегия. София. 1998. стр. 23 - 27.

3.2.2. Влијанието на стратегиите на балканските држави

Иако балканските држави, соседи на Република Македонија, освен СР Југославија која се определи за стратегиската опција „Мултиполаризација", се определија за приклучување во стратегискиот простор на „Глобализацијата" (Грција е рамноправен партиципиент), **сепак се до периодот на нивното целосно имплементирање во него**, иако „работите" на општо задоволство се движат кон новите стратегиски цели, забележливи се „соседски" стратегиски пулсирања кон македонскиот простор со сè уште ненадминати „наследени" од историското време барања, адаптирајќи ги на новите времиња.

Таквите стратегиски пулсирања силно влијаат на определбите на македонската стратегиска мисла и практика бидејќи во периодот од создавањето на младата македонска држава до денес ѝ се случија **три агресирања.**

▲ Trajan Gotsevski, Mitko KJotovtsevski, Zoran Nachev, Radko Nachevski, *Дефентологија* [On defence], Kumanovo 2002, pp.323-324. NB This is a handbook used in FYROM state universities, by virtue of a Joint Decree (02-1678/4/21) of the Ministries of Defence and Education & Sport.

'Such strategic orientations [of Balkan countries] significantly influence Macedonian thinking about and practice of strategy, seeing that from the very foundation of the young Macedonian state until the present time there have been three acts of aggression (агресирана)'.

[NOTE: The two first 'acts of aggression' were the withdrawal of the Federal Army, and the mass settlement of refugees from Kosovo. The third (was) by Greece, with the action of economic and political boycott (the second is still ongoing) as a result of the adoption of the Constitution by virtue of which the expression 'Republic of Makedonija' was preferred as the name of the state. The economic boycott is interpreted as an aggressive action in 'an ad hoc war' with the same aim as the 'Hot War', but realized not by armed means, but by subtler non-military economic means].

'Besides our neighbours' aggressive actions and measures, other pressures and actions should be taken account of that, above and beyond the recognition of the state by its constitutional name (Greece apart), leave traces of the strategic aim that for a given period of time and in a given place it would be possible to effect. The commonest of these are:

[…] Greece: the issue of the constitutional name of the Republic of Makedonija, the status of Macedonian refugees, the national minority, and the non-=recognition of the Macedonian Orthodox Church'.

контролниот механизам на Конвенцијата, со Предлог на закон;

- Предлог за донесување на закон по итна постапка за поништување на локалните избори одржани на 13 март 2005 година во општините Липково, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница и Јегуновце, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер;
- Предлог на закон за заштита на лични податоци;
- Предлог за донесување на закон за заштита на сведоци;
- Предлог за донесување на закон за електронски комуникации, со Предлог на закон.

Извештаи разгледани на седниците на Комисијата:

- Годишен извештај за работата на Народниот правобранител во 2004 година;
- Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година;
- Извештај за работата на јавните обвинителства во Република Македонија во 2004 година и
- Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година.

Извештаи разгледани на седниците на Комисијата:

- Две претставки од Здружената организација на раселените од Арачиново "Зора": во врска со спроведувањето на Заклучоците на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и на Собранието на Република Македонија, донесени по претставките на внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и Арачиново и во врска со судскиот спор за надомест на штети предизвикани од воениот конфликт во 2001 година и
- Преставка од Здружението на бегалци од Егејскиот дел на Македонија за групната повреда на правата на Македонците протерани од Егејскиот дел на Македонија по граѓанската војна во 1949 година.

Други точки разгледани на седниците на Комисијата:

Упатени претставки до Комисијата:

- Претставки - до Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во извештајниот период се поднесени вкупно 106 претставки од граѓани, здруженија на граѓани, организации за човекови права и други правни лица. Комисијата на својата седница разгледа две претставки. На разговор примени се 59 подносители на претставки, на 21 им е дадена помош при составување претставка до Комисијата, а на оние кои

77

▲ FYROM Parliamentary Standing Committee on Protection of Citizen Rights & Freedoms.
Source: Report of Parliamentary Proceedings (2004), p.77.
(http://www.sobranie.mk/Izvestaj2005/3Glava.pdf)
'Reports examined at Committee Sessions: […]
Report of the Society of Refugees from the Aegean Part of Macedonia on massive infringement of the rights of Macedonians expelled from the Aegean Part of Macedonia in 1949, after the Civil War'.

Postojana anketna komisija za za{tita na slobodite i pravata na gra|aninot

НАДЛЕЖНОСТИ:

63



64

▲ FYROM Parliamentary Standing Committee on Protection of Citizen Rights & Freedoms.
Source: Report of Parliamentary Proceedings (2005), pp.63-64.
(http://www.sobranie.mk/Izvestaj2006/3Glava.pdf)
'1. During the period under review, the Standing Committee on Protection of Citizen Rights & Freedoms held three sessions. The issues discussed were: Ways and means of assuring full human rights for Child-Refugees and other citizens expelled in 1949, after the Civil War; […]
Reports examined at Committee Sessions: […]
Report of the Society of Refugees from the Aegean Part of Macedonia on massive infringement of the rights of Macedonians expelled from the Aegean Part of Macedonia in 1949, after the Civil War'.



УКАЗ

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 200 ОД УСТАВОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ОД 1994 ГОДИНА СЕ ПРОГЛАСУВА ИЗМЕНЕТИОТ И ДОПОЛНЕТ УСТАВ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ), ДОНЕСЕН НА СЕДНИЦАТА НА РЕДОВНИОТ ЦРКОВНО - НАРОДЕН СОБОР, ОДРЖАН НА 31 ОКТОМВРИ и 1 НОЕМВРИ 1994 ГОДИНА, ВО ПРОСТОРИИТЕ НА СЕДИШТЕТО НА МАКЕДОНСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА, ВО ПРЕСТОЛНИОТ ГРАД НА НАШАТА СУВЕРЕНА ДРЖАВА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ЦРКОВНО-НАРОДНИОТ СОБОР
АРХИЕПИСКОП
ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ
† **МИХАИЛ**, с. р.

Издание на Светиот архиерејски синод на Македонската Православна Црква

Тргнувајќи од историската вистина дека Македонија и Македонците се овековечени во Светото Писмо — Библијата;

Почитувајќи го фактот дека во светата библиска и Благословена земја Македонија христијанството е проповедано уште од светиот Апостол Павле, кој ги основал првите христијански црковни општини и епископии во македонските градови: Филипи, Солун, Бер, и др.;

Имајќи ја предвид дејноста на македонските апостоли Гај и Аристарх (Дела 19, 29) и на македонските цркви (епископии), во апостолско време (2. Кор. 8, 1-5) и потоа, па и во времето на Јустинијана Прима, како и дејноста на словенските и македонски просветители и рамноапостоли, светите браќа Кирил и Методиј, а посебно дејноста на нивниот најдаровит ученик Свети Климент Охридски Чудотворец, епископот на македонската Дремвицко - велика епархија (893-916), кој Светото Писмо и богослужбените книги му ги остави на својот македонски народ на старомакедонски јазик, врз чии темели подоцна израсна Охридската Архиепископија;

Тргнувајќи од вонредните резултати на Охридската Архиепископија во утврдувањето на Православието меѓу Македонците и другите народи, на-



ко и просветителската мисија на Охридската школа — првиот Универзитет на Балканот и во Европа;

Знаејќи дека во X в., во македонската држава на царот Самоил, Охридската Архиепископија била воздигната во достоинство Патријаршија;

Тргнувајќи од фактот дека Охридската Архиепископија канонски не била никогаш укината, туку во 1767 година, турскиот Султан како иноверен владетел во Македонија, со Ирада го спречил нејзиното самостојно дејствување;

Имајќи предвид дека македонскиот народ, во својата многувековна борба за Православна црковно-просветна, духовна, културна, национална и социјална слобода и државност, пристапи кон возобновување на Охридската Архиепископија во лицето на нејзината канонска наследничка — Македонската Православна Црква.

Имајќи предвид дека со:

Резолуцијата на Првиот свештенички собор, одржан на 21 октомври 1943 г., на првата слободна територија во Македонија, уште во текот на војната се побара возобновување на Охридската Архиепископија како самостојна Македонска Православна Црква.

Одлуката на Првиот Црковно-народен Собор, одржан на 4 март 1945 г., во Скопје се бараше возобновување на Охридската Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква.

Одлуката на Вториот Црковно-народен Собор, одржан на 4 октомври 1958 г., во Охрид е возобновена Охридската Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква, која Одлука Архиерејскиот Собор на Српската Православна Црква со Одлука бр. 44 од 24/11 мај 1959 г., ја санкционира, односно Српската Православна Црква ја призна САМОСТОЈНОСТА на Македонската Православна Црква, и

Одлуката на Архиепископскиот Црковно-народен Собор одржан на 17 јули 1967 г., во Охрид е возобновена, односно прокламирана АВТОКЕФАЛНОСТА на Охридската Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква,

Архиепископскиот Црковно - народен Собор на 31 октомври и 1 ноември, 1994 година, со измени и дополнувања, донесе

УСТАВ

НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

I. Основни одредби

Член 1

Македонската Православна Црква, како автокефална, е дел на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква.

Македонската Православна Црква ги запазува догмите, каноните и единството на Богослужението со Источната Вселенска Православна Црква.

Македонската Православна Црква има единствена организација: самостојно ги уредува црковните дејности и управува со нив.

▲ Source: Preamble to the Founding Charter of the 'Macedonian Orthodox Church', at its plenary session of clergy and laity from 30 October to 1 November 1994.

'Starting forth from the historical truth that Macedonia and the Macedonians were made perpetuated by Holy Scripture (the Bible); and having due reverence for the fact that it is in the holy biblical and sanctified land of Macedonia that Christianity has been taught since the time of the Holy Apostle Paul, who founded the first Christian communities and bishoprics in Macedonian cities including Filipi [Philippi], Solun [Thessaloniki], and Ver [Berrhoea];

And taking into account the work of the Holy Apostles Gaius and Aristarchus [*Acts xix.29*] and the Macedonian churches [bishoprics] in the age of the Apostles [*II.Corinthians viii.1-5*] and thereafter in the age of Iustiniana Prima, and also the work of the Panslavic Macedonian enlighteners Cyril and Methodius, and in particular the work of their gifted pupil Clement of Ohrid, the Miracle-Worker, bishop of the Macedonian province of Dremvitsno the Great (893-916), who bequeathed the Holy Scriptures and liturgical texts in the Old Macedonian tongue to the Macedonian people, as a foundation upon which was later built the Archbishopric of Ohrid;

Setting out from the excellent results of the Archbishopric of Ohrid in fortifying Christianity among the Macedonians and other peoples, and in the enlightening mission of the School of Ohrid – the first University in the Balkans and in Europe;

Acknowledging that in the tenth century, in the Macedonian state of Samouil, the Archbishopric of Ohrid was elevated to a Patriarchate;

In virtue of the fact that the Archbishopric of Ohrid was never voided in canon law (but only the Turkish sultan, as heathen governor of Macedonia, did in 1767 by Proclamation obstruct its independent action;

And seeing that the Macedonian people did, in its long struggle for Orthodox ecclesiastical and pedagogical, spiritual, cultural, national, and social freedom, and for existence as a state, proceed with the renewal of the Archbishopric of Ohrid in the person, in canon law, of the Macedonian Orthodox Church'.

Note that *Premin*, the official church magazine, is funded by the Ministry of Culture. [Source: Ministry of Culture Programme for 2007].

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

ГОДИШНА ПРОГРАМА
за остварување на националниот интерес во културата во 2007 година

ЗАЕДНИЦИ НА МАКЕДОНЦИТЕ
Здружение на Сетинци - Попадинци од Лерин во Македонија – Скопје
Трет традиционален концерт на “Песни и ора од Егеј” во Универзална сала на кој ќе учествува фолклорна и музичка група од Егејскиот дел на Македонија, Грција

▲ In the Ministry of Culture’s programme for 2007, on the Ministry website, www.kultura.org.mk, reference is made to funding for the ‘Society of people originating from Setin [Skopos] and Popadin [Papadia]’, both in the Florina area [Здруение на Сетинци-Попадици од Лерин во Македонија-Скопје]:
• For ‘holding the traditional rally [Собир] of Macedonians from Aegean Macedonia in the village of Trnovo [Tyrnovo] near Bitolj [Monastir];
• For ‘holding the 3rd Traditional Concert of *Songs and Dances* from the Aegean in the Universal Hall [i.e. concert hall], with a traditional music group from the Aegean Part of Macedonia, Greece [*sic*], to take part’.

„Успешното развивање на односите со Република Грција и се одвивало уште поповолно, непречено, и сестрано, кога во

ваа соседна земја би се пристапила кон позитивно решавање а положбата на македонското национално малцинство. Тоа би иило во интерес на натамошниот развој на добрососедските односи и на соработката во сите области меѓу нашите две земји.“[16]

▲ Announcement of the 11th Conference of the Jugoslav Union of Communists, 1978. ‘The successful progress of relations with the Greek Republic would have developed still more amicably, unimpededly and multilaterally, had the country alluded to taken steps to resolve the status of the Macedonian national minority in a positive manner. This would have been to the benefit of further development of good-neighbour relations and cooperation between our two countries in all sectors’.
Source: Tošo Popovski, *Македонскито национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија* [The Macedonian national minority in Bulgaria, Greece, and Albania], Skopje 1980, pp.289-290.

БУЧКОВСКИ НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА ПРОСЛАВА ПО ПОВОД ВЕЛИГДЕН ВО СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН, С. БРЕСТ - Радовиш, 24 април 2006 година

ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ И ПРАВА ЗА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ

Премиерот Владо Бучковски денеска на покана на Сојузот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија присуствуваше на Дванаесеттите републички велигденски средби, што традиционално се одржуваат во радовишкото село Брест.

"Со задоволство ја прифатив поканата на Сојузот за заедно со вас да го чествуваме празникот и да оддадам признание на се она што Сојузот правеше во изминатите години за правата на 120-те илјади деца бегалци од Егејска Македонија", рече премиерот Бучковски и додаде дека Владата во последните години со средбите со Караманлис и Папандреу воспостави политички дијалог за решавање на проблемите со кој се соочуваат Македонците во Егејскот дел на Македонија и прашањето на уставното име."Проблемите на имотите и слободата на движењето не треба да бидат проблеми во современа Европа", истакна Бучковски и изрази надеж дека ќе победи грчкиот прагматизам и европскиот дух и оти наскоро една ваква средба ќе се одржи од другата страна на границата.

Присуството на премиерот Бучковски на средбата го поздрави координаторот на Здруженијата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија Стојан Димков кој рече дека на денешниот собир се присутни Македонци од сите делови на Македонија и оти ова е доказ дека македонскиот дух е неуништив.

Премиерот по собирот ќе го посети училиштето "Никола Карев" во Радовиш кое беше опожарено пред два месеца, а за чија реконсртрукција средствата ќе ги обезбеди Владата.

Посетата на радовишко премиерот ќе ја заврши со обиколка на неколку села каде ќе информира за исплата не средствата од откупениот тутун, како и за изградба на локални инфраструктурни објекти.

▲ Communiqué from the Office of Prime Minister Vlado Butskovski, 24 April 2006.
'On the invitation of the 'Union of Macedonians from Aegean Macedonia', Prime Minister Butskovski today attended the 12th Easter Rally, celebrated in the traditional manner in the village of Brest near Radović.
"I was happy to accept the Union's invitation to join you in this festival and to present the awards for all that the Union has done of past years for the rights of the 120,000 Child-Refugees from Aegean Macedonia", said Prime Minister Butsovski. Over the last few years (he added), the Government had held talks with Karamanlis and Papandreou and had opened up political dialogue for the permanent solution for the problems of Macedonians in the Aegean Part of Macedonia, and for the question of The Name. "Property problems and problems about freedom of movement should be no bar in today's Europe", emphasized Butskovski. He hoped that Greek pragmatism and the European spirit would win the day, and there could soon be another such meeting the other side of the borders.
Stojan Dimkov, coordinator of the 'Society of Macedonians from the Aegean Part of Macedonia', welcomed the Prime Minister's attendance at the event. He also said that the day's Rally was being attended by Macedonians from all sections of Macedonia, and that this showed that the Macedonian spirit was deathless'.
Source: Official website of the Social-Democratic Union.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ - ЛЕТАРГИЈА, НЕСПОСОБНОСТ ИЛИ СЕ' ЗАЕДНО

Егзодусот на Македонците од егејскиот дел на Македонија (сега северен дел на Грција), има свој повеќедецениски историјат. Првите знаци на менување на етничкиот состав на оваа територија почнуваат со Првата балканска војна и склучувањето на Букурешкиот договор во 1913 година. Крајот на Првата светска војна и последователниот Нејски договор за размена на население помеѓу Грција и Бугарија во 1919-та, како и Лозанскиот мировен договор во 1923-та, склучен помеѓу Турција и Грција, претставуваат континуитет на оваа појава. Процесот на етничко чистење на Македонците од Егејска Македонија кулминира за време на граѓанската војна во Грција водена помеѓу прозападните монархисти и комунистичките републиканци во периодот од 1946 до 1949 година. Во оваа војна, во која активно учествуваа егејските Македонци на страната на ДАГ (Демократска армија на Грција), загинаа дваесетина илјади Македонци и беа протерани над 200.000, најголемиот дел од нив засекогаш. Поради откажувањето на поддршката од Титова Југославија и затворањето на границата кон Грција, ДАГ беше осудена на пораз, а Македонците беа изиграни и препуштени самите на себе.

Прашањето на протераните Македонци во рамките на СФРЈ воопшто не е третирано на политичко ниво, освен во ретки исклучоци за пропагандни интерни цели (на пр. написи во "Нова Македонија" еднаш на пет години). Како резултат на идеолошкиот континуитет, игнорантскиот однос кон ова прашање на македонската власт и дипломатија, продолжува и по 1991 година, до денес.

Се поставува прашањето зошто досега не се направи ниту обид, барем и во популистички цели, да се отвори ова прашање на ниво на јавна дебата, интелектуално разменување на ставови, барање можни решенија итн. Наспроти тоа се соочуваме со континуитет на затскривање на проблемот. Ваквиот пасивен однос посебно запрепастува доколку се земе во предвид фактот дека се работи за значителен број на македонски државјани, кој што се брутално откорнати и протерани од своите огништа и лишени од сопственоста создавана со поколенија.

Еден од најголемите појавни облици на низата проблеми на егејските Македонци, правото на приватна сопственост кое не можат да го остварат, драматично ескалира во последно време. Сведоци сме на еден процес на бесправно и организирано распродавање на имотите на македонските граѓани во Република Грција, без нивно знаење и согласност, кое има за цел промена на сопственичката слика, а со тоа и менување на етничката реалност и наследство на тие простори. Правото на приватна сопственост е неприкосновено и не може да се поврзува со националната припадност на сопственикот. Ова право, покрај правото на живот и правото на слободно мислење и дејствување, претставуваат основен фундамент на кое почиваат западните демократии. Покрај овој факт, сложеноста на проблемот ја намалува податокот дека повеќето македонски граѓани, од чија сопственост Република Грција бесправно ги лишува, поседуваат документи издадени од грчката држава. Познато е дека имотно-правните спорови не застаруваат, и граѓаните секогаш ќе можат да бараат остварување на овие права. Освен тоа целокупното јавно мислење е

позитивно определено во овој случај, на што се надоврзуваат и позитивните сигнали од меѓународната заедница (САД, Совет на Европа), во однос на правилната перцепција на ова прашање. И конечно, сведоци сме на организирано дејствување на бројните здруженија на Македонци од Егејска Македонија, кои се обединуваат и окрупнуваат, а се со цел да се изведе поефикасна форма на притисок.

Во целиот случај МНР, наместо да даде свој должен придонес кон оваа поволна наклонетост на состојбите, тоа продолжува со својата пракса на летаргичност и молк. Ова министерство треба да прекине да живее во својата виртуелна реалност, и најитно да се зафати со решавањето на проблемите на своите граѓани. Ако Република Македонија е самостоен меѓународен субјект, власта мора да ги покрене сите демократски механизми што и стојат на располагање, да ги заштити правата на овие луѓе.

МНР треба во најкраток можен рок да пристапи кон следните чекори: Да ги собере и документира досиејата што ги поседуваат овие граѓани; Да формира специјализиран тим, кој ќе им укаже правна помош на засегнатите граѓани, а македонската јавност да ја извести за обемот и за тежината на проблемот во реални бројки; Итно да упати барање Судот за човекови права во Стразбур да изрече мерка за забрана на продавање на имотите на македонските граѓани во Р. Грција додека трае судската процедура; Да ги извести сите релевантните држави и Меѓународни организации кои што ги третираат човековите права (ОДИХР, Совет на Европа, Хелсиншки комитет...). Последново ќе претставува вообичаено користење на дипломатските механизми и не е никакво измислување на топла вода.

На крајот, за да ви ја избистрам сликата - само еден пример. Замислете го овој проблем низ призмата, да речеме, на Германија и на Франција. Без разлика на тоа што двете земји се костурот на ЕУ, замислете како би реагирало засегнатото МНР и дали тоа би довело до какво било нарушување на билатералните соседски односи.

датум: 20.08.2005 извор: Дневник

▲ Passages from an article by Filip Petrovski, party cadre of IMRO-DPMNE, on the Party's official website

'The Exodus of Macedonians from the Aegean Part of Macedonia (now the northern part of Greece) has a long history… The process of ethnic cleansing of Macedonians from Aegean Macedonia culminated at the time of the Civil War in Greece…. We have been witnesses to a criminal procedure, the organized sale of the propoert of Macedonian citizens in the Greek Republic, without their knowledge or approval, a procedure intended to alter ownership status, and thus alter ethnic reality and inheritance in this area…. The Foreign Ministry should take the following steps forthwith:

• Collect and authenticate files kept by citizens.
• Set up an ad hoc commission to give legal aid to citizens and inform Macedonian public opinion about the size and gravity of the problem, with realistic figures.
• Send an immediate appeal to the Court of Human Rights in Strasburg for a ruling to ban sale of Macedonian citizens' property in the Greek Republic while the matter is sub judice.
• Inform all the states concerned and the various international human rights organizations (the European Parliament, the Helsinki Watch…)

СКОПЈЕ

Незаборав

ГОДИНА V	БРОЈ 15	ГЛАСИЛО НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА	СКОПЈЕ, ЈУНИ 1998

1948 1998

Добродојдовте на втората светска средба!

ПРОГРАМА

▲ Editorial from the magazine *Незаборав* [‘I do not forget!’], dealing with the ‘2nd World Rally of Child-Refugees’, funded by the FYROM Government, at Skopje in 1998. The main speaker at the rally was the country’s president Kiro Gligorov.

‘Skopje, capital of the Republic of Makedonija, throws wide its gates as it awaits the participants and guests of the 2nd World Rally of Child-Refugees from the Aegean Part of Macedonia. Our own free part of our motherland is demonstrating yet once again, for the umpteenth time, its hospitality, kindliness, and warmth, as it awaits its sons and daughters, scattered across the world, to embrace them with maternal, liberation-loving passion….’.

Source: the magazine *Незаборав*, No.16 (September 1998).

Во селото Брест

СРЕДБА НА БЕГАЛЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

На вториот ден од Велигден, по повод 50-годишнината од егзодусот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, во организација на Здружението „Егеј" од Штип, кај манастирот „Св. Пантелејмон" во селото Брест - Штипско, се одржа петтата велигденска средба. Меѓу официјалните гости беа и претставници од Министерството за иселеништво, потсекретарот Ристо Шанев и претседателот на Советот за иселеништво Ставре Циков, кој ги поздрави присутните гости. Годинашната традиционална манифестација за прв пат има републички карактер, за разлика од претходните кои беа на општинско ниво.

На 600 метри надморска височина, во мешовитата шума од клен, габер и даб, во присуство на околу 3.000 граѓани се празнуваше на звуците од прекрасната македонска народна музика и песна.

Истиот ден, жителите на штипското село Три чешми ја одбележаа 50-годишнината од формирањето на селото, кое е „родено" во летните месеци во 1948 година, кога 22 семејства од Воденско се населиле на оваа месност, напуштајќи ги своите родни огништа во вихорот на Граѓанската војна во Грција. Меѓу многуте гости беше и претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров.

▲ President Gilgorov and other officers of state attend the 'Rally of Child-Refugees from the Aegean Part of Macedonia'.

'On Easter Monday, to mark the 50th anniversary of the Exodus of Macedonians from the Aegean Part of Macedonia, the 'Aegean' Society of Štip held its 5th Easter Rally, at the Monastery of St Panteleimon in the village of Brest near Štip. The official guests included representatives of the Ministry of Those Abroad, Junior Minister Risto Šanev, and the president of the Council for Those Abroad, Stavre Tsikov, who welcomed those present.... Also on Easter Monday, the villagers of Tri Česmi near Štip were celebrating the fiftieth anniversary of the founding of their village, 'born' in the summer of 1948, when twenty-two families from the Edessa region settled there after leaving their birthplace at the height of the Civil War in Greece. Among the many visitors was the Republic's president Kiro Gligorov.

Source: the magazine *Незаборав*, No.18 (June 1999).

ХРИСТОС СИДЕРОПУЛОС



ЗДРУЖЕНИ ВО БОРБАТА

Нашата борба трае повеќе децении, но од 1989 година веќе се слуша нашиот глас што ѝ припаѓа на историјата и на иднината. Борбата за Македонскиот културен центар во Лерин е извојувана по повеќегодишни напори и судски процеси, и тоа ни дава за право дека треба да продолжиме и да издржиме

На почетокот од своето искажување Христос Сидеропулос рече дека историјата на македонскиот народ ја гледа како една голема трагедија, за да направи споредба со стара воденица во некое пусто село, која нема ни вода, ни корито... Тоа го направивме самите ние, Македонците, беше категоричен тој, за да продолжи дека патот што го избрале Македонците во Егејскиот дел на Македонија под Грција за борба пред меѓународните организации за човекови права е сосема исправен и добар. Не е важно колку сме направиле до сега, туку најважно е што ќе направиме сега и во иднина, нагласи тој, за да забележи дека до пред десетина години нивната борба била сосема слаба, а била спречувана од грчката диктатура и власт. Не ни го оставија јазикот, ни ги сменија имињата и презимињата, имињата и топонимите на селата и градовите, додека нашите татковци беа во други земји. Но, по 1975 година, од кога ја осознавме историската вистина за македонскиот народ и за Егејскиот дел на Македонија, мојата и следните генерации тргнавме во решителна борба и барање за човекови и малцински права пред меѓународните организации во Европа и светот. За нас, Македонците од Егејскиот дел на Македонија, се слушна во светската јавност, а македонската власт, со потпишувањето на договорите, во последниве години се откажа од Македонците во Грција и во Бугарија. Каде води тоа? - запраша тој и додаде дека ваквите договори се штетни за македонскиот народ и за неговата иднина.

Ние од 1990 година почнавме да ги бараме своите национални права пред меѓународните организации за човекови права, продолжи во своето искажување Х. Сидеропулос, и тоа ќе го правиме и во иднина, сè до нашата конечна победа. Како што е познато, ние решивме да отвориме Македонски културен центар во Лерин, но нашето барање беше одбиено. Со активностите на Центарот сакавме да влијаеме на вкупното живеење на Македонците во Лерин, Костур, Воден, Солун и подалеку, но не ни беше одобрено. Од 1989 година трае нашата борба за Македонскиот културен центар, за што отидовме на суд во Лерин, потоа во Солун и Атина, а одобрение добивме дури од Стразбур. За жал, во Егејскиот дел на Македонија под Грција има групи од 10, 20, па и 30-тина луѓе кои сакаат изолирано да дејствуваат, гледајќи си го својот интерес, а таквото однесување имаат и некои Македонци од странство. Кога ќе видат дека не можат да ја постигнат својата цел, тие ја напуштаат борбата за нашите национални права, а овие мали групи пак само штетат на вкупното движење на Македонците под Грција. Сè додека не се ослободиме од сопствениот страв во себе, не ќе можеме да ги оствариме целите за кои се бориме.

Еднаш и засекогаш треба да сфатиме дека не смее да има делби во нашите редови и е потребно да ги вложуваме сите заеднички напори за постигнување на целта, нагласи Сидеропулос и побара единство како и изработка на национална платформа за тоа каде и во кој правец ќе се движи понатамошната борба за признавањето на националните права на Македонците под Грција, под Бугарија и под Албанија. Не може да дозволиме ново поробување на Македонија од страна на соседните земји, затоа тој побара да се формира Комисија која ќе изработи програма за понатамошните активности во Р. Македонија и пошироко во окупираните делови од страна на Грција, Бугарија и Албанија. Мора свеста да еволуира кај сите Македонци, а стравот да се истисне, додаде тој, ако сакаме да постигнеме резултати во светата борба за македонските национални, човекови и верски права и во овој дел на поробена Македонија.

▲ Last paragraph of a speech delivered by Christos Sideropoulos at a rally in Bitolj [Monastir], 24 April 1999, on 'the status of Macedonians in Aegean Macedonia, 1912-1999'.

'We must realize, once and for all, that there can be no distinctions in our ranks; that we need to join forces to attain our goal', said Sideropoulos. He called for unity and spoke of 'a national platform about ways to further the struggle for the recognition of the national rights of Macedonians in Greece, Bulgaria and Albania, and what direction this struggle should take'. 'We should not permit Macedonia to be enslaved by neighbouring countries a second time', he said, and this was why he was asking for a Committee to be set up 'to produce a programme for further action in the Republic of Makedonija and in the Parts [of Macedonia] under Occupation in Greece, Bulgaria and Albania'. 'All Macedonians must be made aware, and fear must disappear', said Sideropoulos, 'if we are to get results in the holy war for Macedonian national, human and religious rights in this part of enslaved Macedonia'.
Source: the magazine *Незаборав*, No.18 (June 1999).

Архимандрит
НИКОДИМ ЦАРКЊАС

ЌЕ ГРАДИМЕ МАКЕДОНСКА ЦРКВА

Вистината е следна: ние во Егејскиот дел на Македонија немаме никакви права, но работите се менуваат, така што ние сме веќе пред активности кои се директно поврзани со афирмацијата на македонската нација и народ во овој дел на Македонија под Грција

Учествувајќи во расправата на Научната трибина, архимандрит Никодим Царкњас потсети дека еден народ за да биде јак, треба да има разрешено две важни прашања: употребата на својот мајчин јазик и својата вера. Меѓутоа, состојбата со македонскиот народ во Егејскиот дел на Македонија низ историјата, нагласи тој, никогаш не била поволна. Македонскиот народ под Грција имал периоди кога се преземало нешто (во 1925 година е издаден Абецедар за основните школи, но никогаш потоа не бил употребуван), а јас зборувам така како што зборуваа моите дедовци и како што и денес дома зборува мојата мајка. Значи ние, барем што се однесува до официјалната употреба на македонскиот јазик во јавното комуницирање и во училиштата, немаме никакво право, а исто е и со нашата вера. Тука е парадоксот, македонскиот народ е православен по својата вероисповед, а наму сите негови соседи, односно православни цркви (бугарската, грчката и српската) не само што го негираат, туку сакаат и верски да го поробат и духовно да го скршат. Никој до денес не ни ја признава Македонската православна црква, а од Грчката православна црква пак, никогаш нема да добиеме помош, нагласи Царкњас. Во продолжение на своето искажување, тој уште подвлече дека Грчката патријаршија, Бугарската Егзархија и Цариградската патријаршија ја уништија Охридската архиепископија, сѐ со цел - духовно ропство и асимилација на македонскиот народ.

Ние немаме никакви црковни права, забележа архимандрит Н. Царкњас, и додаде дека за време на турското петвековно ропство македонскиот народ имал свои црковни права и свои македонски цркви, а турската власт ја почитувала православната вера кај Македонците. А сега е сосема спротивно - Грчката православна црква не само што не сака да ни ги даде нашите верски права, туку настојува со сите средства да го закочи процесот на нашите барања за служење во македонските цркви и на македонски јазик. Од турското ропство се ослободивме, ама не знаеме кога ќе се ослободиме од грчкото црковно ропство.

Архимандрит Н. Царкњас подвлече дека во Граѓанската војна и десетина години по неа, и свадбите и крштевките и сите други манифестации грчката власт не ги спречувала, но по диктатурата на Пападопулос се тргнало со вистински терор за уништување на македонската духовна и верска култура и традиција, за овој процес да продолжи со безочна асимилација на македонскиот народ. На пример, децата и во најоддалечените македонски села беа задолжително принудувани да посетуваат градинки и забавишта, уште од мали нозе, со единствена цел - да го научат и да им се всади грчкиот јазик, но забележан е многу убав процес - во понатамошниот растеж децата пак да го научат својот мајчин македонски јазик. А денес, во кафеаните во Овчарани, Патале и други места наголемо се слуша македонската народна песна, но поради тоа не можеме да речеме дека имаме национална слобода.

▲ Second paragraph of a speech delivered by Archimandrite Nikodimos Tsarknjas at a rally in Bitolj [Monastir], 24 April 1999, on 'the status of Macedonians in Aegean Macedonia, 1912-1999'.
'Even during the slavery of five centuries under the Turks, the Macedonian people enjoyed church rights and they had their Macedonian churches, for the Turkish ruler respected the Orthodox beliefs of the Macedonians. Today we have the opposite. Not only is the Greek Orthodox Church unwilling to grant us our church rights, it does everything within its power to obstruct our demand for worship in Macedonian churches and in the Macedonian tongue. From the Turkish yoke we have been freed, but who knows when we shall be freed from Greek ecclesiastical slavery'.

Source: the magazine *Незаборав*, No.18 (June 1999).

The Symbols, and the Appropriation of the Historical Past



▲ Photo of the cover of Risto Andonovski's *Јужна Македонја од античките до денешите Македонци* [Southern Macedonia from the ancient Macedonians to the Macedonians of today].

▲ Alexander the Great. From *Facts about the Republic of Macedonia*, pulished by the FYROM Information Secretariat.



◄ Alexander the Great. From *Facts about the Republic of Macedonia*, pulished by the FYROM Information Secretariat.

◄ Stamp with the 'Sun of Vergina'. Issued by FYROM State Post Offices in 1992.

◄ Stamp with 'Aleksandar III' [i.e. Alexander the Great]. Issued by FYROM State Post Offices in 2002.

◄ Stamp with 'Filip II' [Philip father of Alexander]. Issued by FYROM State Post Offices in 2002.

▲ Ilinden Uprising commemorative coin. Among the places named are Neveska [Nymfeo], Klisura, and Vić [Vitsi].

▲ FYROM souvenir banknote of the 1990s, showing Solun [i.e. Thessaloniki] and its emblem, the White Tower.



◄ Liquor bottle label, with a picture of the White Tower.

ПО ГРЧКИТЕ ЗАКАНИ

Презимето на Александар летна од аеродромот

Владини извори сега тврдат дека не било планирано аеродромот „Скопје"да се преименува во „Александар Македонски", туку во „Александар Велики"

„Александар Велики", а не „Александар Македонски" ќе биде новото име на скопскиот аеродром, одлучи Владата на завчерашната седница. Името на аеродромот ќе се смени по иницијатива на Јавното претпријатие за аеродромски услуги (ЈПАУ).

- Владата ја прифати последната иницијатива на ЈПАУ за преименување на аеродромите во Скопје и во Охрид во „Александар Велики" и „Св. Павле" - изјави за „Дневник" министерот за надворешни работи Антонио Милошоски.

Неговото објаснување е дека се работи за добронамерна иницијатива на ЈПАУ и гест на почит кон историска величина, личност што е почитувана во многу земји, почнувајќи од Македонија, Грција, Бугарија, Турција, Индија...

По реакциите во грчките медиуми, Милошоски вели дека ниту во одлуката на Владата ниту во иницијативата на ЈПАУ немало намера за монополизирање на името или на личноста. Според шефот на дипломатијата, втората причина зошто е одбрано ова име, е подобрување на имиџот на земјата, но и намерата аеродромот да добие поголемо значење. Со ова, вели Милошоски, брендот станува „видлив".

На преименувањето на аеродромот во Скопје реагираа грчки политичари.

Вчера се огласи и министерката за надворешни работи Дора Бакојани и рече дека во Атина се' уште не слушнале официјална изјава од владата во Скопје, ниту таква информација стигнала до грчкото МНР.

- Се' уште е во сила Времената спогодба и би било најдобро да се избегнуваат активности што може да бидат лошо разбрани - потсети Бакојани.

Според Милошоски, Владата кога го прифатила предлогот на ЈПАУ размислувала дали со предлогот за името на аеродромот се крши Времената спогодба. Според него, и досега имало преименувања на улици во Скопје и во неколку други градови, кои го добиле името „Александар Македонски", но од грчка страна немало реакција.

Ставот на Милошоски е дека не би требало да има реакции бидејќи станува збор за личност што може да не' зближи со соседната земја, а не да не' разделува.

- Не сакаме од ова да правиме случај и сметаме дека тоа е благородна идеја за почит кон историска личност, која му припаѓа на светот - вели министерот.

Извори од грчкото МНР, сепак, вчера не беа оптимисти дека нема да има „случај". Оттаму потсетуваат дека на менувањето на улиците не се реагирало оти се работело за внатрешно прашање, а во случајов се работи за меѓународен аеродром и Атина во тоа гледа провокација.

Истите извори не исклучуваат дека Грција ќе се обиде да го попречи регистрирањето на новото име на скопскиот аеродром.

Но, домашни експерти велат дека регистрирањето на аеродромот во Меѓународниот совет на аеродроми (АЦИ) се врши со пријавување на одлуката на управниот одбор на ЈПАУ и дека нема процедура на гласање. Вчера се огласи и грчкиот европарламентарец Јоргос Караџаферис со поостри барања. Тој побара од Владата да ја прекине поддршката на евроатлантските перспективи на Македонија. Според него, на Владата во Скопје требало да и' биде јасно дека не може да помине без поддршката од Грција, која досега покажала добра волја и ништо не добила од тоа. Како што пренесуваат грчките медиуми, Караџаферис изјавил дека „неговата партија нема да дозволи во грчкиот парламент каков било криминал поради немањето реакција или поради заборавеноста да се реагира на нешто".

Грчки извори вчера не исклучија ниту реакција на Атина за името на охридскиот аеродром - „Св. Павле" - со објаснување дека можеби ќе се огласи и грчката црква.

- Грчкиот архиепископ Христодулос неодамна во Ватикан се сретна со папата Бенедикт Шеснаесетти од кого добил потврда дека грчката црква е најстара во регионот и дека токму свети Павле е основач на Грчката православна црква - велат нашите извори.

▲ Statue of Alexander the Great, outside Skopje Airport.

▲ ► Greek statues outside the FYROM Government building, with the provocative message 'Statues stand outside the seat of power in Athens too'.

▲ Road sign to the 'Aleksandar Veliki' {Alexander the Great] airport at Skopje.



▲ Programme of a conference at Bitolj [Monastir], 27-28 April 2007, under the auspices of the municipality, with the title 'Perseus – Last King of Ancient Macedonia'.



▲ The golden chest and bust of Alexander the Great, featured on the cover of Aleksandar Trajanovski's *History of Macedonia*.